# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

30 Ноември 2015
Скопје
Број 11, година X
contact@kiselavoda.gov.mk

**Скопје, Ноември, 2015 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за именување претставници на
Општина Кисела Вода во училишните одбори
во основните училишта на подрачјето на
Општина Кисела Вода

1.Се објавува Одлуката за именување претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 18 ноември 2015 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 08-9131/1
30.11.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 124 став 2 и 3 д Законот за основно образование („Службен весник на РМ” бр.103/08) и член 16 точка 6 алинеа 1 од Статутот на Општина Кисела Вода, („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр.13/06, Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 18 ноември 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

за именување претставници на Општина Кисела Вода
во училишните одбори во основните училишта на
подрачјето на Општина Кисела Вода

Член 1

Со оваа Одлука се именуваат преставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода.

Член 2

За преставници во училишните одбори на основните училишта се именуваат:

**1. ООУ “НЕВЕНА ГЕОРГИЕВА ДУЊА”**
- Михаил Кочубовски
- Моника Неделковска

**2. ООУ “КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ”**
- Зоран Зарев
- Маја Поповска

**3. ООУ “ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ”**
- Љупчо Тодоров
- Лорена Беќаровска

**4. ООУ “КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ-ПИТУ”**
- Димитар Селев
- Анета Таневска Зрмановска

**5. ООУ „КРУМЕ КЕПЕСКИ”**
- Анета Фидановска
- Снежана Пешевска

**6. ООУ “РАЈКО ЖИНЗИФОВ” н. Драчево**
- Никола Ѓуровски
- Ана Ризовска

**7. ООУ” КУЗМАН ШАПКАРЕВ” н. Драчево**
- Игорче Бошков
- Весна Милановска

**8. ООУ “ Св.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” с. Драчево**
- Жаклина Неделковска
- Надица Спасовска

Член 3

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за именување преставници од Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода (број 07-8628/16 од 2 ноември 2012 година); Одлуката за изменување на Одлкуката за именување претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори на основните училишта на подрачјето на Опшитна Кисела Вода (број 07-60/6 од 14 март 2014 година); Одлуката за изменување на Одлуката за именување претставници од Општина Кисела Вода во училишните одбори на подрачјето на Општина Кисела Вода (број 07-184/1 од 30 септември 2014 година), Одлуката за изменување на Одлуката за именување претставници од Општина Кисела Вода во училишните одбори на подрачјето на Општина Кисела Вода (број 09-2385/5 од 02 април 2015 година) и Одлуката за изменување на Одлуката за именување претставници од Општина Кисела Вода во училишните одбори на подрачјето на Општина Кисела Вода (број 09-4288/5 од 10 јуни 2015 година).

Член 4

Мандатот на членовите ќе трае 3 години.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-8465/3
18 ноември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлука за давање на користење, одржување и управување на објектот - дел од ООУ „Св.Климент Охридски” с.Драчево
на Јавната детска градинка „8 Март”
на Општина Кисела Вода во Град Скопје

1.Се објавува Одлуката за давање на користење, одржување и управување на објектот - дел од ООУ „Св.Климент Охридски” с.Драчево на Јавната детска градинка „8 Март” на Општина Кисела Вода во Град Скопје, донесена на седницата на Советот, одржана на 18 ноември 2015 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 08-9131/2
30.11.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 год.) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода („Сл.гласник на Град Скопје” бр.08/05 и „Сл.гласник на Општина Кисела Вода” бр.13/06 и бр.15/14), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата седница одржана на 18 ноември 2015 година, донесе

## О Д Л У К А

за давање на користење, одржување и управување на
објектот - дел од ООУ„Св.Климент Охридски” с.Драчево
на Јавната детска градинка „8 Март” на Општина Кисела Вода во Град Скопје

Член 1

Со оваа Одлука се уредува давањето на користење, одржување и управување на објектот - дел од ООУ„Св.Климент Охридски” с.Драчево со вкупна површина од 251,40 $м^2$ на Јавната детска градинка „8 Март” на Општина Кисела Вода во Град Скопје, кој се наоѓа на ул.„Драчевска” бр.98 Скопје, во Општина Кисела Вода, на КП бр.12447 КО Драчево 2 видно од ИЛ бр.193444, како и други прашања во врска со функционирањето на објектот.

Член 2

Објектот е реконструиран, адаптиран и доградн дел и е дел од ООУ„Св.Климент Охридски” с.Драчево, и е изграден со средства од Буџет на општината и е сопственост на општината.

Член 3

Објектот - дел од ООУ„Св.Климент Охридски” с.Драчево ќе го користи, одржува и управува Јавната детска градинка „8 МАРТ” на општина Кисела Вода во град Скопје.

Јавната детска градинка „8 МАРТ” на општина Кисела Вода во град Скопје е должна при користењето, одржувањето и управувањето, со објектот да постапува согласно законските прописи.

За предавањето на објектот и опремата во истиот на Јавната детска градинка „8 МАРТ” на општина Кисела Вода во град Скопје, ќе се состави записник.

Член 4

Јавната детска градинка „8 МАРТ” на општина Кисела Вода во град Скопје не може објектот да го дава под закуп и на користење на друго физичко или правно лице и да го става под хипотека.

Член 5

Директорот на Јавната детска градинка „8 МАРТ” на општина Кисела Вода во град Скопје се обврзува да ги превземе сите потребни активности согласно законските прописи со цел отпочнување со работа на објектот - дел од ООУ„Св.Климент Охридски” с.Драчево, за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-8465/4
18 ноември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за проширување на програмите за вршење на дејноста на Јавната детска градинка „8 МАРТ” на општина Кисела Вода во град Скопје во објект дел од ООУ „Св.Климент Охридски” с.Драчево, во Општина Кисела Вода

1.Се објавува Одлуката за проширување на програмите за вршење на дејноста на Јавната детска градинка „8 МАРТ” на општина Кисела Вода во град Скопје во објект дел од ООУ „Св.Климент Охридски” с.Драчево, во Општина Кисела Вода, донесена на седницата на Советот, одржана на 18 ноември 2015 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 08-9131/3
30.11.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), како и член 59 став (1), а во врска со член 100 ставови ( 1) и (2) од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/2015 и 150/2015) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Сл.гласник на Град Скопје” бр.08/05 и „Сл.гласник на Општина Кисела Вода” бр.13/06 и бр.15/14), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата седницата одржана на 18 ноември 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

за проширување на програмите за вршење на дејноста
на Јавната детска градинка „8 МАРТ” на општина Кисела Вода
во град Скопје во објект дел од ООУ„Св.Климент Охридски” с.Драчево,
во Општина Кисела Вода

Член 1

Со оваа Одлука се прошируваат програмите за вршење на дејноста на Јавната детска градинка „8 МАРТ” на општина Кисела Вода во град Скопје во објект дел од ООУ„Св. Климент Охридски” с.Драчево, во Општина Кисела Вода.

Член 2

Општина Кисела Вода со Одлука за давање на користење, одржување и управување на објектот - дел од ООУ„Св.Климент Охридски” с.Драчево на Јавната детска градинка „8 МАРТ” на општина Кисела Вода во град бр......... од ______ Ноември 2015 година, без надомест, го отстапува на користење, односно го дава на користење објектот што се наоѓа на ул. „Драчевска” бр.98 Скопје, во Општина Кисела Вода, на КП бр.12447 КО Драчево 2 видно од ИЛ бр.193444, во кој Јавната детска градинка „8 МАРТ” на општина Кисела Вода во град Скопје ќе врши згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст.

Објектот е реконструиран, адаптиран и доградена дел и е дел од ООУ„Св.Климент Охридски” с.Драчево, во Општина Кисела Вода, со вкупна површина од 251,40 м² и се наоѓа на ул. „Драчевска” бр.98 Скопје, во Општина Кисела Вода, на КП бр.12447 КО Драчево 2 видно од ИЛ бр.193444.

Член 3

Јавната детска градинка „8 МАРТ” на општина Кисела Вода во град Скопје ќе ангажира соодветен стручен и друг кадар за потребното работно време за остварување на дејноста за објект од мал капацитет, согласно пропишаните стандарди и нормативи на Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Службен весник на Република Македонија” бр.28/14,40/14 и 136/14).

Член 4

Дејноста на Јавната детска градинка „8 МАРТ” на општина Кисела Вода во град Скопје е: згрижувње и воспитание на децата од предучилишна возраст која се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно-

забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето, и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот менталниот и социјалниот развој на дете до 6 години живот, односно до вклучување во основното образование.

Дејноста на Јавната детска градинка „8 МАРТ” на општина Кисела Вода во град Скопје во објектот - дел од ООУ„Св.Климент Охридски” с.Драчево, во Општина Кисела Вода, ќе ја остварува согласно Програмата за рано учење и развој (”Службен весник на РМ бр.46/14).

Член 5

Во објектот - дел од ООУ„Св.Климент Охридски” с.Драчево, во Општина Кисела Вода, Јавната детска градинка „8 МАРТ” на општина Кисела Вода во град Скопје ќе организира дејност за 80 деца, згрижени во три групи, со целодневен престој на деца, на возраст од 2 до 6 години.

Член 6

Дидактичките средства и опремата се обезбедени од Министерството за труд и социјална политика, согласно пропишаните стандарди и нормативи за вршење на дејноста од Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за децата ( „Службен весник на Република Македонија” бр.28/14,40/14 и 136/14) .

Член 7

Планирано е вработување на стручни лица, согласно со Законот за заштита на деца („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/2015 и 150/2015) и Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на детската градинка („Службен весник на Република Македонија” бр. 28/14, 40/14 и 136/14) за градинка од мал капацитет.

Член 8

Средствата за непречено и нормално функционирање на дејноста во објектот - дел од ООУ„Св.Климент Охридски” с.Драчево, во Општина Кисела Вода, ќе се обезбедуваат преку Јавната детска градинка „8 МАРТ” на општина Кисела Вода во град Скопје односно од буџетот на Општина Кисела Вода, буџетот на Република Македонија преку блок дотации, и од надоместокот на корисниците на услугата.

Член 9

Градоначалникот на Општина Кисела Вода и директорот на Јавната детска градинка „8 МАРТ” на општина Кисела Вода во град Скопје, со посебен договор ќе ги уредат правата и обврските кои произлегуваат од член 1 на оваа одлука.

Член 10

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-8465/5
18 ноември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Квартални извештаи К1,К2 и К3 за третиот квартал од 2015 година
- К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2015 година до 30.09.2015 година;
- К2-квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода,
- К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините

1.Се објавуваат Кварталните извештаи К1,К2 и К3 за третиот квартал од 2015 година – К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2015 година до 30.09.2015 година; - К2-квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, усвоени на седницата на Советот, одржана на 18 ноември 2015 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 08-9131/4
30.11.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„бр.5/02), член 104 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр.13/06), а во врска со член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија”бр.61/04, 96/04 и 67/07) расправајќи по Кварталните извештаи К1,К2 и К3 за третиот квартал од 2015 година – К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2015 година до 30.09.2015 година; К2-квартален извештај за достасани ненамирен обврски на Општина Кисела Вода; -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 18 ноември 2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

за усвојување Квартални извештаи К1,К2 и К3 за третиот квартал од 2015 година
- К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2015 година до 30.09.2015 година;
- К2-квартален извештај за достасани ненамирен обврски на Општина Кисела Вода;
- К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините

1.Се усвојуваат Кварталните извештаи К1,К2 и К3 за третиот квартал од 2015 година – К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2015 година до 30.09.2015 година; -К2-квартален извештај за достасани ненамирен обврски на Општина Кисела Вода; -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините.

2.Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за финансиски работи.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-8465/6
18 ноември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Програма (Ј) комунални дејности
на Општина Кисела Вода за 2016 година

1.Се објавува Програмата (Ј) комунални дејности на Општина Кисела Вода за 2016 година, донесена на седницата на Советот, одржана на 18 ноември 2015 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 08-9131/5
30.11.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 15 став 1 точка 1 алинеја 6 и точка 4 од Законот за град Скопје („Службен весник на РМ" бр.55/04 и бр.158/2011), член 84 став 3 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ" бр.17/11, 53/11, 144/2012, 153/2012, 25/2013 и 137/2013) и член 34 точка 7 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 18 ноември 2015 година, донесе

# ПРОГРАМА (Ј)
# КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
ЗА 2016 ГОДИНА

I. НАДЛЕЖНОСТА Ј КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2016 ГОДИНА ГИ СОДРЖИ СЛЕДНИТЕ ПОДПРОГРАМИ:

**Ј00 – Одржување на урбана опрема**
**Ј30 – Јавно осветлување**
**Ј40 – Јавна чистота**
**Ј60 – Одржување и заштита на локални патишта и улици**
**Ј70 – Одржување и користење на паркови и зеленило**
**Ј80 – Други комунални услуги**
**ЈА0 – Изградба на јавно осветлување**
**ЈД0 – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**
**ЈЕ0 – Изградба на простор за паркирање**
**ЈФ0 – Изградба на сообраќајна сигнализација**
**ЈГ0 – Изградба на системи за водоснабдување**
**ЈИ0 –Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**
**ЈМ0 –Паркови и зеленило /капитални расходи/**
**ЈН0 – Урбана опрема/капитални расходи/**

II. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОГРАМИТЕ ПО ВИДОВИ РАСХОДИ СПОРЕД СЛЕДНИОТ ПРИКАЗ:

## П О Д П Р О Г Р А М А
## (J00)
## ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

### 1.ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:
Извори на финансирање на подпрограмата
Пресметување на трошоците за одржување на урбана опрема
Динамика на извршување на подпрограмата
Преодни и завршни одредби

### 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Подпрограмата Ј00 (ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА на подрачјето на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од буџетот на Општина Кисела Вода за 2016 година.

### 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 42 | | | Стоки и Услуги | **5.700.000, 00** |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | **5.000.000, 00** |
| | | 424 | Одржување на други објекти<br>Одржување на фонтани<br>и каптирани извори | 3.500.000, 00<br>2.000.000,00 |
| 48 | | | Капитални расходи | **200.000, 00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | 200.000, 00 |
| | | 482940 | Надзор над изградбата | 200.000, 00 |

*** Образложение на потставката 424390 – Одржување на други објекти**

Трошоците поврзани со заменување на таблите со имиња (мостовите и на други инфраструктурни објекти), поправка на клупи, корпи за отпадоци, чешми, фонтани, поправка и замена на оштетени делови од урбана и спортска опрема за детските и спортските игралишта, се обврска на Општината, така да истата ги сноси и трошоците поврзани со нивното обновување доколку истите се оштетени, уништени или исчезнати.
Средствата планирани во оваа потставка се средства за одржување на истите објекти, кои беа поставени во текот на 2009, 2010, 2011, 2012, 2013, 2014 и 2015 година.
-Поправка и одржување на оштетена урбана опрема и детски реквизити во МЗ Драчево (Паркот на бранителите, Паркот на пензионерите, Паркот кај Поштата, игралиштата на

ул.Коперникова, игралиште на ул.Киро Фетак, детско игралиште на ул.Димитрије Чуповски до Симпо,детско игралиште на ул. Малешевска и др);
-реконструкција на постоечката селска чешма во с.Драчево;
-с.Драчево, поправка и одржување на урбана опрема и детски реквизити поставени на новиот плоштад, детско игралиште на ул. Јустинијан 1, како и урбана опрема на Три круши, ново изградено детско игралиште во месноста Дупки;
-детско катче на ул.Горги Сугаре2
-МЗ Пинтија, поправка и одржување на урбана опрема и детски реквизити во паркот Детски Сон, детските реквизити на ул. Јабланица и игралиштето на ул. Борис Трајковски;
-МЗ Усје, поправка и одржување на детски реквизити и урбана опрема на новото детско катче;
-МЗ 11 Октомври бараки, одржување на урбана опрема и детски реквизити во новото детско игралиште спортските игралишта
-МЗ 11 Октомври згради, одржување на урбана опрема и детски реквизити во парк Пушкин, парк Шопен (одржување на фонтана),парк Цибус1, повеќенаменското спортско игралиште кај Цибус и урбана опрема во сите паркови на сервисни и станбени улици;
-МЗ Кисела Вода, одржување и поправка на детски реквизити и урбана опрема во парк Македонија (одржување на фонтана), парк Детско Царство, месноста Теферич и урбана опрема во сите паркови на сервисни и станбени улици;
-МЗ Цветан Димов- одржување на детските реквизити и урбана опрема во новото игралиште на ул.Жил Верн кај зградите на НЃ Инженеринг, детското игралиште на скверот на ул.Вера Јоциќ, паркот спроти општината, ново детско и спортко игралиште на ул.Вера Јоциќ позади економското училиште и урбана опрема во сите паркови на сервисни и станбени улици;
-МЗ Бирарија, одржување на детските реквизити и урбана опрема во детското игралиште на ул.Огњан Прица и ул.Томе Арсовски и урбана опрема во сите паркови на сервисни и станбени улици;
-МЗ Црниче, МЗ Пржино- одржување на поставената урбана опрема , детски и спортски реквизити на игралиштето Славија и урбана опрема на сервисни и станбени улици;
-одржување на поставена урбана опрема и детски реквизити во сите ЈДГ и ОУ, како и низ други институции во општината;
-МЗ Стакла детско и спортско игралиште;
-МЗ Припор ново детско игралиште и спортско игралиште во месноста Теферич;
-каптажа на следниве локации: Св.Петка, Св.Ѓорѓи, Св.Никита, месност Порупи, Виданова чешма, Болница за наркозависници

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

# П О Д П Р О Г Р А М А
# (Ј30)
# ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

## 1.ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:
Извори на финансирање на подпрограмата
Пресметување на трошоците за одржување на јавното осветлување
Динамика на извршување на подпрограмата
Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Подпрограмата Ј30(Одржување на јавно осветлување на подрачјето на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од средствата што ЕВН ги исплаќа во вид на такса за улично осветлување од корисниците и од буџетот на Општината Кисела Вода за 2015 година.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 42 | | | Стоки и Услуги | **37.500.000, 00** |
| | 421 | | Комунални услуги, греење, комуникација, транспорт | **15.000.000, 00** |
| | | 421110 | Електрична енергија | 15.000.000, 00 |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | **20.000.000.00** |
| | | 424390 | Одржување на други градби | 20.000.000.00 |
| | 426 | | Други тековни расходи | **2.000.000,00** |
| | | 426990 | Други оперативни расходи | 2.000.000,00 |
| 48 | | | Капитални расходи | **500.000, 00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | 500.000, 00 |
| | | 482940 | Надзор над изградбата | 500.000, 00 |

*** Образложение на потставката 421110 – Електрична енергија**

Средствата кои се користат за покривање на трошоците за електрична енергија што се користи за јавно осветлување исклучиво на сервисните и станбените улици кои се во надлежност на Општина Кисела Вода.

*** Образложение на потставката 424390 – Одржување на други градби**

Со оваа подставка се покриваат трошоците за одржување на системите за јавно осветлување на сервисните и станбените улици , а кои се во надлежност на Општината Кисела Вода, во смисла на одржување на веќе поставени канделабри, пригушници, , замена на кабли и друга опрема поврзана со јавното улично осветлување, како и спроведување на енергетска ефикасност, односно замена на постоечките живини светилки со штедливи натриумови сијалици на дел од Општина Кисела Вода.

**РЕОН 1 -** нумерирани бандери од 1000-3000
**Нас. Драчево**
**Село.Драчево**
**Нас.Подстаница**
**Село.Усје**
**Нас.Каменик**
**Нас.Пинтија**

**РЕОН 2 –** нумерирани бандери од 400-1850
**Нас.Кисела Вода**
**Нас. 11 Октомври (бараки)**
**Нас. 11 Октомври (тврда градба)**
**Нас. Пржино**
**Нас. Црниче**
**Нас. Бирарија**
**Нас.Цветан Димов**
**Нас.Припор**
**У.З.Расадник**

Напомена: Магистралните улици кои се на територија на Општина Кисела Вода се во надлежност на Градот Скопје за кои истиот има обврска за покривање на сметките за електрична енергија и тековно одржување на јавното осветлување.

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година и средства обезбедени од наплатената такса за јавно осветлување.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

**П О Д П Р О Г Р А М А**
**(Ј40)**
**ЈАВНА ЧИСТОТА**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за ангажирање на работна сила за одржување на паркови и зеленило и обезбедување ситен инвентар
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Подпрограмата Ј40 ЈАВНА ЧИСТОТА ќе се финансира од буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 42 | | | Стоки и Услуги | **9.660.000, 00** |
| | 423 | | Материјали и ситен инвентар | **1.060.000, 00** |
| | | 423720 | Материјали за разни поправки | 500.000, 00 |
| | | 423310 | Униформи | 400.000, 00 |
| | | 423320 | Обувки | 160.000, 00 |
| | 425 | | Договорни услуги | **8.000. 000,00** |
| | | 425990 | Други договорни услуги | 8.000.000,00 |
| | 426 | | Други оперативни расходи | **600.000,00** |
| | | 426990 | Други оперативни расходи за изнајмување и одржување на јавни тоа лети | 600.000,00 |

*** Образложение на потставките 423720**

Општината обезбедува средства за набавка на машини, алат и резервни делови за машините и алатот за работа за сезонските работници на територија на Општина Кисела Вода. Планирано е во 2016 год. да се ангажираат 70 времено вработени сезонски работници почнувајќи од 01.01.2016 до крајот на тековната година.

За истите треба да се набави нов алат и машини за работа (тримери за косење, тракторска тревокосачка, телескопска пила, метли, колички, лопати, копачи, вили и друго), со цел косење и одржување на јавните зелени површини, чистење на истите од смет, одржување на тротоари и пешачки патеки и други активности кои ги извршуваат сезонските работници од различна природа.

*** Образложение на потставките 423310**

Општината обезбедува средства за набавка на унифоми за сезонските работници. Се планира на сите сезонци да се купи нова работна облека-униформи (пантолони, кошули,Т-маици и јакна) за 2016 година. Истите ќе бидат испечатени со името на Општина Кисела Вода, со што тие ќе бидат препознатливи и подостапни до граѓаните.

*** Образложение на потставките 423320**

Општината обезбедува средства за набавка на обувки за сезонските работници. Се планира на сите нови сезонци да се купат нови обувки за 2016 година.

*** Образложение на потставките 425990**

Општината обезбедува средства за плата на сезонските работници (70 лица). Се планира на сезонските работници да им биде платен персонален данок и осигурување во случај на незгода при работа.

*** Образложение на потставките 426990**

Општината обезбедува средства за изнајмување и одржување на јавни тоалети согласно Законот за јавна чистота кои ќе бидат поставени на места каде ќе се одржуваат разни манифестации и постојано во неколку парка по избор на општината.

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

## П О Д П Р О Г Р А М А
## (Ј60)
## ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈОТ

### 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:
- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за одржување и заштита на локалните патишта и улици заедно со тротоари и пешачки патеки
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

### 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Подпрограмата Ј60 (одржување и заштита на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година

### 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 42 | | | Стоки и услуги | **4.000.000,00** |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | |
| | | 424320 | Одржување на улици и патишта | 4.000.000,00 |

*** Образложение на потставката 424320 – Одржување на улици и патишта**

Согласно Законот за јавни патишта (член 58), Општината издвојува средства за одржување и заштита на локалните патишта и улици, и регулирање на режимот на сообраќај, и тоа:
- Чистење снег и мраз од коловозите, посипување на коловоз со сол или абразивни средства во осојничавите места, мостовите, делници со поголеми наклони на патот како и на други места во случај на појава на мраз на коловозот на територија на општина Кисела Вода

Предвидени средства **4.000.000,00** ден.

### 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од временските услови во зимскиот период и од приливот на финансиски средства.

### 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

# П О Д П Р О Г Р А М А
# (Ј70)
# ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за одржување и користење на паркови и зеленило
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Подпрограмата Ј70 (одржување и користење на паркови и зеленило на подрачјето на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 42 | | | Стоки и Услуги | **500.000, 00** |
| | *424* | | Поправки и тековно одржување | 500.000, 00 |
| | | 424590 | Одржување на други зелени површини | 250.000, 00 |
| | | 424510 | Одржување на зелени површини околу згради | 250.000, 00 |

*** Образложение на потставките 424510 и 424590**

Општината обезбедува средства за одржување на постоечките паркови како и ново изградените, а исто така и за обновување на зеленилото на територија на Општина Кисела Вода.

- Зелени површини околу зградите
- Паркови на подрачјето на Општина Кисела Вода
- Сечење на стари дрва и гранки
- Одржување на цветни алеи

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

# П О Д П Р О Г Р А М А
# (Ј80)
# ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:
- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за други комунални услуги
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Подпрограмата Ј80 (други комунални услуги на подрачјето на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| **42** | | | **Стоки и Услуги** | **12.700.000,00** |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | **400.000,00** |
| | | 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 400.000, 00 |
| | 425 | | Договорни услуги | **2.000.000,00** |
| | | 425940 | Рушење на објекти | 2.000.000,00 |
| | 426 | | Други тековни расходи | **10.000.000,00** |
| | | 426990 | Други оперативни расходи | 10.000.000,00 |
| 48 | | | Капитални расходи | **300.000,00** |
| | 482 | | Други градежни работи | 300.000,00 |
| | | 482940 | Надзор над изградба | 300.000,00 |

*** Образложение на подставките 424230**

Со оваа подставка, Општината обезбедува средства за дезинфекција и дератизација. Во претходните години дератизацијата се врши со спроведување на групна јавна набавка организирана од градот Скопје.

*** Образложение на подставките 425940**

Со оваа подставка, Општината обезбедува средства за рушење на објекти кои се бесправно изградени и не се во согласност со постоечкиот ДУП.

*** Образложение на подставките 426990**

Со оваа подпрограма, Општината обезбедува средства за :

- чистење на канали
- чистење на депонии и друг отпад

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување на подставката 424230 ќе се одвива во пролетниот и есенскиот период додека динамиката на подставката 426990 и 425940 ќе зависи од приливот на средства во Буџетот на Општината за 2016 година.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

# П Р О Г Р А М А
# (ЈА0)
# ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:
Извори на финансирање на подпрограмата
Пресметување на трошоците за изградба на јавно осветлување
Динамика на извршување на подпрограмата
Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Подпрограмата ЈА0 (Изградба на јавно осветлување на подрачјето на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални Расходи | **8.600.000, 00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | 8.600.000, 00 |
| | | 482110 | Подготвување на проекти и вршење на стручна ревизија | 500.000,00 |
| | | 482920 | Изградба на други објекти | 8.000.000, 00 |
| | | 482940 | Надзор над изградбата | 100.000, 00 |

*** Образложение на подпрограмата 482920**

Општината обезбедува средства за изградба на нови линии за јавно осветлување на сервисни и станбени улици согласно Програмата за енергетска ефикасност и инсталирање на штедливи светилки и модернизација на постојниот систем, а со цел намалување на трошоците за одржување на уличното осветлување на територија на општината.

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година, како и од наплатата на таксата за јавно осветлување.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

# П О Д П Р О Г Р А М А
# (ЈД0)
# ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за изградба и реконструкција на локалните патишта и улици
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

- Подпрограмата ЈД0 (Изградба и реконструкција на локалните патишта и улицици на подрачјето на Општина Кисела Вода) се финансира од средствата (капитални трансфери) од Агенција за Државни Патишта согласно Законот за Јавни Патишта, како и од дополнително издвоени средства од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални расходи | **88.500.000,00** |
| | 482 | | Други градежни работи | |
| | | 482110 | Подготвување на проекти, вршење на стручна ревизија | 2.000.000,00 |
| | | 482120 | Изградба на улици и патишта | 7.000.000,00 |
| | | 482130 | Реконструкција на улици и патишта | 35.000.000,00 |
| | | 482210 | Подготвување на проекти и дизајн на мостови | 500.000,00 |
| | | 482920 | Изградба на други објекти | 30.000.000,00 |
| | | 482220 | Реконструкција и изградба на мостови | 2.500.000,00 |
| | | 482930 | Реконструкција и изградба на други објекти | 10.000.000,00 |
| | | 482940 | Надзор над градбата | 1.500.000,00 |

*** Образложение на подпрограмата**

Капиталните расходи на оваа подпрограма се однесуваат на изградбата и реконструирањето на локалните патишта согласно Законот за Јавни Патишта, изградба на пешачки патеки и тротоари, спортски игралишта, потпорни ѕидови, мостови и др. објекти

*** подставка 482110**

Со оваа подставка се предвидува подготвување на проекти за новопроектирани улици кои

ќе се градат на територија на Општина Кисела Вода: пробивање на ул.Димо Хаџи Димов до Сава Ковачевиќ(стара последна 24), проширување на ул.Киро Фетак со опфаќање на мостот на улицата, пробивање на улица 3 во Бирарија,пробивање на ул.Жил Верн кон ул. 527,Реконструкција на ул. Саса2, ул Саса6, реконструкција на ул. Сердарот од пругата кон МЗ Подстаница ,реконструкција на ул. Борис Трајковски крак34 во с. Усје(месност Каменик),реконструкција(рехабилитација) на коловоз на ул1 во с.Усје,реконструкција на тротоари на ул. Спиро Гулапчев во нас. 11 Октомври-бараки и други улици под надлежност на Општина Кисела Вода.

***подставка 482120**

Со оваа подставка се предвидува изградба на новопроектирани улици на територија на Општина Кисела Вода согласно Дуп-овите и за кои има одобрена техничка документација: ул.Зеленгора1, Новопроектирана 5 (Цветан Димов), проширување на крак на ул.Вера Јоциќ, новопроектирана 2 во комплекс Стаклара, Првомајска 1(технички преглед), нова сообраќајница 14 декември и поврзување со бул. Борис Трајковски, спој ул.14 Декември и ул.Димо Х. Димов, Саса2, Саса6, и други согласно изготвените и одобрени проекти.

***подставка 482130**

Со оваа подставка се опфаќа реконструкција и санација на сервисни и станбени улици на територија на Општина Кисела Вода

***подставка 482920**

**Пешачки патеки и улици поплочени со бехатон:**

- Со оваа подставка се опфаќа реконструкција, санација и изградба на тротоари,пешачки патеки, скали и сервисни и станбени улици на територија на Општина Кисела Вода со поплочување со павер елементи

**Спортски игралишта:**

Реконструкција на стари и изградба на нови игралишта согласно усвоените ДУП-ови на сервисни и станбени улици на територија на Општина Кисела Вода

***подставка 482220**

**Изградба и реконструкција на мостови:**

- Санација на мостот на усјански канал во населба Усје,
- Санација на мостот на ул. Киро Фетак

***подставка 482930**

**Реконструкција и изградба на други објекти:**

- **Изградба на потпорни ѕидови**

.

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во буџетот.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

**П О Д П Р О Г Р А М А**
**(JE0)**
**ИЗГРАДБА НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:
- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за изградба на простор за паркирање
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

- Подпрограмата ЈЕ0 (Изградба на простор за паркирање на подрачјето на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од средствата од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални расходи | **5.600.000,00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | 5.600.000,00 |
| | | 482910 | Подготвување на проекти, вршење на стручна ревизија | 500.000,00 |
| | | 482920 | Изградба на други објекти | 4.000.000,00 |
| | | 482930 | Реконструкција на други објекти | 1.000.000,00 |
| | | 482940 | Надзор над градбата | 100.000,00 |

*** Образложение на подпрограмата 482920 и 482930**

Со оваа подпрограма Општината Кисела Вода обезбедува средства за изградба и проектирање на нови простори за паркирање во урбаните средини а со цел растеретување на улиците и обезбедување подобар и побезбеден режим на сообраќајот.

**Изградба и реконструкција на простор за паркирање:**
- Изградба на нови паркинг простори и пешачки патеки на сервисни и станбени улици на територија на Општина Кисела Вода, согласно усвоените ДУП-ови како и реконструкција и проширување на постоечките.

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

# П О Д П Р О Г Р А М А
# (ЈФ0)
# ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:
- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за изградба на сообраќајна сигнализација
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

- Подпрограмата ЈФ0 (Изградба на сообраќајна сигнализација на подрачјето на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од средствата од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални расходи | **4.200.000,00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | 4.200.000,00 |
| | | 482910 | Подготвување на сообраќаен проект | 1.000.000,00 |
| | | 482920 | Изградба на други објекти | 3.000.000,00 |
| | | 482940 | Надзор над градбата | 200.000,00 |

*** Образложение на подпрограмата 482920**

Оваа подпрограма е целосно во согласност со Законот за Јавни патишта со кој се предвидува поставување и замена на сообраќајни знаци и заштитна опрема на локалните патишта и улици, односно поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација. Согласно изготвени сообраќајни проекти и ревидирани и одобрени од Секторот за сообраќај во Град Скопје и Секторот за сообраќај при СВР за блок 3, блок 11, улица Банско, улиците Серска, Партение Зографски, Баница, Дамбени и Жванска, реконструкција на дел од ул.Мариовска(магацин Треска) и дел од ул.Христо Татарчев-до спојот на реконструираната улица кај Црква во месност Теферич и ул.1440 и ул.Саса18 ,Саса6 во нас.Пинтија, раскрсница со ул.Божидар Аџија и ул. Вера Јоциќ и на други сервисни улици под надлежност на Општина Кисела Вода.

Вкупно **4.000.000,00** ден**.**

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во буџетот на Општината Кисела Вода.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животна средина.

**П О Д П Р О Г Р А М А**
**(ЈГ0)**
**ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:
- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за изградба на системи за водоснабдување
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

- Подпрограмата ЈГ0 (Изградба на водоснабдителни системи) на подрачјето на Општина Кисела Вода ќе се финансира од средствата од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални расходи | **26.300.000,00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | 26.300.000,00 |
| | | 482910 | Подготвување на проекти, вршење стручна ревизија | 1.000.000,00 |
| | | 482720 | Реконструкција и изградба на капацитети за водоснабдување | 25.000.000,00 |
| | | 482940 | Надзор над градбата | 300.000,00 |

*** Образложение на подпрограмата**

Со оваа подпрограма, Општината Кисела Вода обезбедува средства за изградба и проектирање на нови систем за водоснабдување

***подставка 482910**

Со оваа подставка се предвидува подготвување на проекти за нови системи за водоснабдување кои ќе се градат на територија на Општина Кисела Вода, Водоснабдување на делот меѓу Каменик и Пинтија, Водоснабдување на нас. Каменик, изработка на проект за бунари за техничка вода и проект за водоводна мрежа за ул. Боро Камчевски, Малешевска1, и други,

***подставка 482720**

**Реконструкција и изградба на капацитети за водоснабдување:**
- Изведба на водоводна мрежа по ул.Првомајска 1 (втор дел)

- Довршивање на трета фаза за водоснабдување на ул. Саса30 во нас. Пинтија
- Новопроектирана Иван Козаров, други сервисни и станбени улици на територија на Општина Кисела Вода.

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

# П О Д П Р О Г Р А М А
# (ЈИ0)
# ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ТРЕТМАН НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за изградба на систем за одведување и третман на отпадните води
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби.

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

- Согласно законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбаните отпадни води, Општината издвојува капталнии расходи за оваа подпрограмата кои се однесуваат на изградба, реконструкција и доградба на канализационен систем, атмосферска канализација и регулација на водотеци. Во оваа подпрограма не влегува изградбата што произлегува од договорените обврски за уредување на градежното земјиште што се однесува за изградба на објекти на инфраструктурата, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела. Во оваа подпрограма Општината учествува со 100 % вложување на средства во делови каде нема инфраструктура.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални расходи | **72.000.000,00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | 72.000.000,00 |
| | | 482110 | Подготвување на проекти | 1.500.000,00 |
| | | 482920 | Реконструкција и изградба на објекти | 70.000.000,00 |
| | | 482940 | Надзор над градбата | 500.000,00 |

*** Образложение на подпрограмата**

***подставка 482110**

Со оваа подставка се предвидува подготвување на проекти за фекален и атмосферски канализационен систем кои ќе се градат на територија на Општина Кисела Вода:, Зеленгора 3, Ратко Митровиќ 23, фекален систем што ги опфаќа улиците Жил Верн, Јордан Филиповски, Стојан Стојановски и Трпе Петревски, фекална и атмосферска канализација во нас.Пинтија, фекална канализација за нас.Каменик, доработка на проект за атмосферска канализација на у.Славка Димкова, подготовка на проект за уредување на Маркова Река, фекална секундарна

мрежа во Припор, фекална секундарна мрежа во с.Усје, атмосферска канализација на ул.Спиро Гулапчев и други.

***подставка 482920**

**ФЕКАЛНИ КАНАЛИЗАЦИОНИ СИСТЕМИ**

- Козјак, ул.Зеленгора1, во нас.Градинар, ул.Методија Патчев, Малешевска1, и други сервисни и станбени улици на територија на Општина Кисела Вода.

**АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИОНИ СИСТЕМИ**

- Славка Димкова, Живко Фирфов, Новопроектирани улици Расадник, Првомајска 1, дел од ул. Жарко Зрењанин, Спиро Гулапчев, Јордан Филиповски, Трпе Петревски, Стојан Стојановски, Жил Верн, и други сервисни и станбени улици на територија на Општина Кисела Вода.

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

*Напомена:*

*Општина Кисела Вода во првата половина од 2016 год ќе отпочне со изградба на атмосферска канализациона мрежа во нас. Пржино, согласно основниот проект „Изградба на атмосферска канализација по улиците во нас. Пржино", кој е ревидиран од ЈП Водовод и Канализација и одобрен од Секторот за урбанизам. Средства за изградба на овој систем ќе се обезбедат од Светска банка во висина од околу 110 милиони денари. Потреба од изградба на овој систем се јави од проблемите на граѓаните кои по секој обилен дожд се соочуваа со поплави во дворовите и подрумите. Имено,бидејќи во оваа населба сеуште постои мешан систем за одведување на отпадни и атмосферски води поплавите беа неизбежна состојба како и последиците од нив. Со изградба на овој систем бенефит ќе почуствуваат и жителите на населба Црниче и жителите на населба Бирарија.*
*Средствата ќе се предвидат во Буџетот за 2016год - „кредити ".*

# П О Д П Р О Г Р А М А
# (ЈМ0)
# ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за изградба на паркови и зеленило
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

- Општината обезбедува капитални средства за подигање и изградба на нови паркови и зелени површини, како и изградба на хидрантска мрежа во истите од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални Расходи | **4.200.000,00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | **4.200.000,00** |
| | | 482910 | Подготвување на проекти, дизајн и други објекти | 100.000, 00 |
| | | 482920 | Изградба на други објекти | 4.000.000,00 |
| | | 482940 | Надзор над изградбата | 100.000, 00 |

*** Образложение на подпрограмата**

Со оваа подпрограма, Општината предлага изградба на нови зелени површини и реконструкција на постоечките , почитувајќи ја програмата за чиста и здрава средина.

***Подставка 482920**

**Реконструкција и изградба на зеленило и паркови, хортикултурно уредување:**

- Ѓорги Сугаре (околу трафостаница), нас.Расадник, Пинтија, парк Шопен, парк Македонија, парк на пензионерите во нас. Драчево, парк на бранителите, парк позади МЗ Драчево, и други сервисни и станбени улици на територија на Општина Кисела Вода.

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на средина.

**П О Д П Р О Г Р А М А**
**(ЈН0)**
**УРБАНА ОПРЕМА**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за урбана опрема
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

- Општината обезбедува капитални средства за поставување на нова урбана опрема во веќе постоечките и новоизградените паркови, зелени површини, спортски и детски игралишта и на други локации. Овие средства се обезбедуваат од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални расходи | **10.150.000,00** |
| | 480 | | Купување на мебел,опрема и др. | 4.000.000,00 |
| | | 480190 | Купување на друга опрема | 4.000.000,00 |
| | 482 | | Други градежни работи | 6.150.000,00 |
| | | 482920 | Изградба на други објекти | 6.000.000,00 |
| | | 482940 | Надзор над изградбата | 150.000,00 |

*** Образложение на подпрограмата 480190**

Со оваа подпрограма, Општината предлага поставување на нова урбана опрема ( клупи и корпи за отпадоци), огласни табли, опрема за детски игралишта (лулашки, лизгалки, клацкалки и друго), опрема за спортски игралишта (стативи, кошови, мрежи и друго), поставување на чешми и фонтани за пиење вода.

**Поставување на нови клупи, корпи за отпадоци, огласни табли, опрема за детски игралишта, опрема за спортски игралишта, чешми за пиење вода и друго, се планира да се постави во сите изградени детски и спортски игралишта,паркови, скверови согласно барањата на граѓаните на Општина Кисела Вода**

*** Образложение на потставките 482920**

Општина Кисела Вода обезбедува средства за изградба на подземни контејнери за собирање на смет на 3 локации на територија на Општина Кисела Вода,нас. Драчево на ул. Коперникова, Расадник, нас. Цветан Димов

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на средина.

## Р Е К А П И Т У Л А Р
## ПРОГРАМА ( Ј ) КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

| | | |
|---|---|---|
| **Ј00** | Одржување на урбана опрема | **5.700.000,00** |
| **Ј30** | Јавно осветлување | **37.500.000,00** |
| **Ј40** | Јавна чистота | **9.660.000,00** |
| **Ј60** | Одржување и заштита на локални патишта и улици | **4.000.000,00** |
| **Ј70** | Одржување и користење на паркови и зеленило | **500.000,00** |
| **Ј80** | Други комунални услуги | **12.700.000,00** |
| **ЈА0** | Изградба на јавно осветлување | **8.600.000,00** |
| **ЈД0** | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | **88.500.000,00** |
| **ЈЕ0** | Изградба на простор за паркирање | **5.600.000,00** |
| **ЈФ0** | Изградба на сообраќајна сигнализација | **4.200.000,00** |
| **ЈГ0** | Изградба на системи за водоснабдување | **26.300.000,00** |
| **ЈИ0** | Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води | **72.000.000,00** |
| **ЈМ0** | Паркови и зеленило /капитални расходи/ | **4.200.000,00** |
| **ЈН0** | Урбана опрема/капитални расходи/ | **10.150.000,00** |
| | **ВКУПНО** | **289.610.000,00** |

Програмата (Ј) Комунални дејности на општина Кисела Вода за 2016 година стапува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода, а ќе се применува од 01.01.2016 година.

Број 09-8465/7
18 ноември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Програма Г1 - за локален економски развој
со Подпрограма ГД – проекти за енергетска ефикасност
на Општина Кисела Вода за 2016 година

1.Се објавува Програмата Г1 - за локален економски развој со Подпрограма ГД – проекти за енергетска ефикасност на Општина Кисела Вода за 2016 година, донесена на седницата на Советот, одржана на 18 ноември 2015 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 08-9131/6
30.11.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 15 став 1 точка 3 од Законот за Град Скопје (Службен весник на РМ бр. 55/04) и член 34 став 1 точка 8 од Статутот на општина Кисела Вода (Службен гласник на Град Скопје бр. 8/05 и "Службен гласник на општина Кисела Вода" бр.13/06), Советот на општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 18 ноември 2015 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

Г - ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ СО
ПОТПРОГРАМА ГД – ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ
НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2016 ГОДИНА

**СОДРЖИНА**

1. ***Вовед***
2. ***План на активности***
3. ***Динамика на извршување на активностите во Програмата***
4. ***Преодни и завршни одредби***

***1.ВОВЕД***

Сите активности кои Секторот за ЛЕР ќе ги превземе во иднина ќе бидат насочени кон создавање на позитивна претстава за општината кај институциите (меѓународни и домашни), деловните субјекти и граѓаните чии јавен сервис и претставува.
Изработката на програма за локалниот економски развој претставува чекор кон промоција на одржлив развој кој покрај економскиот вклучува и социјален, образовен и културен развој.

***2.ПЛАН НА АКТИВНОСТИ*** (со опис на активноста и потребни финансиски средства за реализирање на истата)

➢ **Обука за преквалификација и доквалификација на возрасни невработени лица**

Општина Кисела Вода во соработка со приватниот сектор ќе ги идентификува локалните потреби за работна сила со цел да се задоволи побарувачката на пазарот на трудот. За сите оние работни места за кои нема доволно квалификувани работници општина Кисела Вода ќе организира обука за преквалификација и доквалификација на возрасни невработени лица.

**Вкупно средства : 200.000, - денари**

➢ **Обука за едуцирање на млади и поттикнување на претприемачки дух**

Општина Кисела ќе работи на едуцирање на младите и давање помош при нивно професионално насочување, при што ќе се поттикнува претприемачкиот дух кај младите, со акцент на приватната иницијатива и можности за самовработување .

**Вкупно средства : 300.000, - денари**

- **<u>Обуки за доквалификација на вработените во ЛЕР</u>**

Средствата во износ од 120.000,00 денари, планирани за реализација на активноста – обуки, ќе бидат наменети за подобро и поквалитетно работење. Ова подразбира совладување на нови техники и технологии во начиот на работа, како и примена на нови веќе потврдени добри практики од земјата и пошироко. Обуките кои вработените ќе ги посетуваат ќе бидат внимателно селектирани и спроведени исклучиво од страна на релевантни институции.

**Вкупно средства :120.000, - денари**

- **<u>Печатење на промотивни материјали</u>**

Согласно потребите на секторот планирано е печатење на рекламен материјал, брошури, флаери, мапа за привлекување на инвестиции, печатење на стратешки документ и други промотивни материјали.

**Вкупно средства : 300.000,-денари**

- **<u>Подготовка на проекти во соработка со останатите сектори во општината</u>**

Подготовката на проекти од разни области е дел од активностите на Секторот за локален економски развој. Проектите се подготвуваат во соработка со другите сектори во општината, а по однос на објавени јавни повици .

Согласно објавените јавни повици за аплицирање со предлог проекти, во најголем дел од случајте потребно е учество од страна општината и тоа со одреден процент на финансиски средства наменети за реализација на проектот. Ваквите јавни повици не се однапред познати и поради тоа не постои можност за нивно детално образложување.

**Вкупно средства : 1.000.000,-денари**

- **<u>Реализација на проектот "Рехабилитација на коловоз на ул.Сердарот", село Драчево</u>**

Секторот за локален економски развој во април 2015 година аплицираше за средства од ЕУ ИПА грантот, наменет за подобрување на инфраструктурата во руралните средини, како дел од Проектот за подобрување на општинските услуги. Во октомври 2015 година, апликацијата беше одобрена, со укажување на одредени недостатоци во техничката документација. По корекција на техничката документација, општина Кисела Вода ќе започне процедура за јавна набавка, за што во буџетот планира средства во висина од 7.500.000,00 денари, средства кои по завршување на проектот ќе бидат рефундирани од страна на ИПА грантот.

**Вкупно средства : 7.500.000,-денари**

- **<u>Општинска контрибуција за изградба на спортска сала во ОУ "Рајко Жинзифов"-населба Драчево</u>**

Во проектот " Изградба на нова училишна зграда за О.У. Рајко Жинзифив", беше предвидено адаптација на третиот веќе постоечки тракт во спортска сала. По иницијатива на Владата на Република Македонија и општина Кисела Вода решено е да се реализира и изградба на комплетно нова спортска сала. Со оваа мерка би се постигнало комплетно заокружување на овој проект.

Од тие причини општина Кисела Вода одвојува средства од буџетот како контрибуција за изградба на спортска сала во О.У. "Рајко Жинзифив".

**Вкупно средства : 6.000.000,-денари**

- **<u>Проект Промовирање на одржливи вработувања</u>**

Овој проект има цел да овозможи вклучување на невработени лица од областа на социјалната заштита и заштита на деца, преку ангажирање, на определено време, на 15 невработени, активни баратели на работа.

**Вкупно средства : 1.000.000,-денари**

- **Реализација на програмата за подршка при вработување на млади образовани лица**

Со овој проект во соработка со НВО и приватниот сектор се предвидува волонтирање на 20 лица, жители на општина Кисела Вода, во компаниите на територија на општината. Со ваквата активност младите лица со завршено високо образование, а без работно искуство, ќе имаат можност директно да се запознаат со работењето на одредени компании, притоа стекнувајќи се со одредено искуство. Крајната цел на проектот е да им помогне на младите да станат поконкурентни на пазарот на труд. Средствата кои општина Кисела Вода ги предвидува за реализација на оваа активност ќе бидат наменети за покривање на трошоците за храна и превоз на волонтерите.

**Вкупно средства : 400.000,-денари**

- **Инкубатор за малите претпријатија**

Целта на овој проект е поддршка и развој на мали претпријатија на сите кои имаат идеја за сопствен бизнис. Инкубаторот за малите претпријатија ќе биде сместен во простории кои ќе ги обезбеди општина, а ќе се користат без паричен надоместок. Инкубаторот ќе овозможи целосна поддршка на новосоздадените фирми , како и на фирмите во развој, односно користење на работниот простор, уредите, опремата. Инкубаторот ќе биде во можност да опслужува 5 до 7 микро и мали претпријатија истовремено, а еден од условите за користење на работниот инкубатор, ќе биде фирмите да вработат определен број на млади луѓе и да воспостават програма за стажирање. Сите активности и обврски би се регулирале со договор помеѓу општината и претпријатијата.

**Вкупно средства: 500.000,-денари**

- **Учество на саеми**

Трошоците планирани во оваа активност ќе бидат наменети за закуп на простор, дизајн на штанд и сите потребни активности за соодветно претставување на општина Кисела Вода на настани од ваков тип.

**Вкупно средства: 350.000,-денари**

- **Консултантски услуги**

За изработка на соодветни стручни проекти дополнително, по потреба, ќе се ангажираат консултанти. Потребата од ангажирање на дополнителна консултантска помош може да се појави во следните подрачја:

- Доставување на информации за тековни тендери, јавни огласи и јавни повици кои се од интерес на општината;
- Консултантски услуги при изработка на проектна документација од интерес на општината;
- Консултантски услуги при реализација и имплементација на проекти;
- Консултантски услуги при подготовка и изработка на извештаи.

**Вкупно средства : 300.000,-денари**

- **Меѓуопштинска соработка**

Меѓуопштинската соработка е активност која во континуитет трае секоја година и за која не се потребни никакви средства од буџетот на општината. Се одвива на неколку нивоа и тоа соработка на ниво на мини регион и соработка на ниво на Скопски плански регион. Соработката со Центарот за развој на Скопскиот регион е пропишан со закон и како таков обврзувачки за сите општини во Република Македонија, додека соработката со општините Аеродром, Зелениково, Студеничани и Сопиште кои го формираат мини регионот може да придонесе за остварување на проекти кои се од заеднички интерес.

## ПОТПРОГРАМА ГД – ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

➢ **Мерки за енергетска ефикасност**

Енергетската ефикасност е активно решение за постигнување на заштеди на сресва. Програмата за енергетска ефикасност на општина Кисела Вода 2015-2017, претставува водич кој ги утврдува насоките во кои општината треба да се движи на ова поле. Во таа насока во текот на 2016 година, ќе се реализираат следните активности:

- Енергетска обнова на ООУ "Кузман Шапкарев", населба Драчево
  **Вкупно средства : 7.000.000,-денари**
- Енергетска обнова на фасадата на ООУ "Кирил Пејчиновиќ"
  **Вкупно средства : 3.000.000,-денари**
- Енергетска обнова на фискултурната сала во ООУ "Невена Геогиева Дуња", со реконструкција на истата
  **Вкупно средства 3.000.000,-денари**
- Енергетска обнова на фасадата на ЈДГ "8-ми март", објект Расадник
  **Вкупно средства 3.000.000,-денари**
- Вадење на мерни места пред трафостаници
  **Вкупно средства: 2.500.000, -денари**

## 3. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од техничките услови, како и приливот на средства во буџетот на општина Кисела Вода.

## 4. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на општина Кисела Вода и Секторот за локален економски развој.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Кисела Вода, а ќе се применува од 01.01.2016 година.

Број 09-8465/8
18 ноември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Програма за месна самоуправа (капитални расходи)-(ДАО)
Подпрограма за месна самоуправа – тековно оперативни расходи (Д1О)
на Општина Кисела Вода за 2016 година

1.Се објавува Програмата за месна самоуправа (капитални расходи) - (ДАО) - Подпрограма за месна самоуправа – тековно оперативни расходи (Д1О) на Општина Кисела Вода за 2016 година, донесена на седницата на Советот, одржана на 18 ноември 2015 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 08-9131/7
30.11.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/2005 и "Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 18 ноември 2015 година, донесе

**Програма за Месна самоуправа (Капитални расходи) – ДА0**
**Подпрограма за месна самоуправа (тековно оперативни расходи) – Д10 на Општина Кисела Вода за 2016 година**

**ВОВЕД**

Граѓаните на Општина Кисела Вода ги разгледуваат и завземаат ставови за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа преку облиците на месна самоуправа. Месната самоуправа во Општина Кисела Вода е организирана преку 15 урбани и месни заедници од кои урбаните се основани во градските подрачја а во населените места, месни заедници. Во организација на секторот за месна самоуправа и соработка со невладини организации Градоначалникот на Општина Кисела Вода ги посетува урбаните и месните заедници три пати во годината, од каде што се црпат релевантни информации директно од граѓаните кои живеат во тој дел од Општината за сите проблеми со кои се соочуваат и се во доменот на одлучување на Општината и воедно се сумираат резултатите за договореното од претходната средба. На овие средби со граѓаните што се оддржуваат во објектите на урбаните и месните заедници како што може да се види погоре се континуирани низ целата година по дневен ред на истите се поставуваат најразлични прашања и се бара потреба за нивно решавање пред се за комуналната инфраструктура на соодветното подрачје,изградба и одржување на објекти од јавен интерес (водоводи,улици,културни домови,спортски објекти,паркови,детски игралишта и др), заштита на животната средина,покренување на иницијативи за уредување на просторот,организирање на културни,спортски и забавни манифестации и други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Покрај редовните посети на урбаните и месните во 2016 година се предвидува одржување и на повеќе програмски активности во секоја месна-урбана заедница како и активно вклучување на НВО-граѓанските здруженија во активностите на општината и создавање на ефикасни механизми за взаемна соработка и за градење на партнерски однос за зголемувањето на влијанието на граѓанските организации во креирање на политиката на општината за нејзиниот развој. Во Март 2016 година Секторот за месна самоуправа исто така активно ќе се вклучи во процесот на делење на решенијата за данок на имот преку референтите за месна самоуправа кои ќе бидат задолжени да ги поделат истите во своите месни-урбани заедници со што ќе се овозможи граѓаните навремено да ги добијат истите во својот дом.

На почетокот на наредната годината секторот за месна самоуправа исто така ќе ја организира и посетата на Бадниковите огнови во Општината, како и секоја година така и наредната Градоначалникот ќе ги посети бадниковите огнови во сите урбани и месни заедници.

Покрај другото Секторот за месна самоуправа ќе учествува и дава логистичка подршка и за другите настани во организација на останатите Сектори во општината пред се во одбележувањето на денот на Општината, потоа одржување на манифестациите како (денови на Пушкин, денови на Шопен, Културно лето Три круши 2015, спортските манифестации и др).

Во однос на капиталните проекти за 2016 година би напоменал дека се планира рекон-

струкција на урбаните-месните заедници каде што ке се јави потреба за истото.

1. **Програма за Месна самоуправа (Капитални расходи) – ДА0**

Имајќи го предвид фактот дека дел од постоечките објекти кои ги користи администрацијата на Општина Кисела Вода, граѓаните во урбаните и месните заедници, како и граѓанските здруженија се наоѓаат во незавидна ситуација предвидени се за наредната година 2 500 000 денари кои би се употребиле онаму каде ке има потреба за било каква реконструкција.

Финансиска конструкција – 2 500 000, оо денари

2. **Подпрограма за месна самоуправа (тековно оперативни расходи) – Д10**

**►Агенда за посета на Градоначалникот на Општина кисела Вода на урбаните и месните заедници**

Секторот за месна самоуправа и соработка со невладин сектор веќе ја има изготвено Агендата за посета на Градоначалникот на сите урбани и месни заедници, која што предвидува посета на истите во втората половина на месеците: февруари, јуни,септември и декември.

Значи, сметајќи дека најдобриот извор на информации за проблемите што ги тиштат граѓаните доаѓа од самите средби на граѓани кои ги организира секторот за месна самоуправа и соработка со невладини организации, а ги истакнуваат граѓаните во тие моменти и понатаму ќе се влечат приоритетите за реализација на проектите од горенаведените средби.

**► Делење на решенијата за данок на имот за граѓаните на Општина Кисела Вода**

Секторот за месна самоуправа и соработка со невладин сектор преку референтите за месна самоуправа во истурените канцеларии на урбаните и месните заедници ќе го организара делењето на решенијата за данок на имот за граѓаните на Општина Кисела Вода да ги добијат истите навремено во своите домови на рака.

**►Тековно молерисување на салите во урбаните и месните заедници, каде се одржуваат средбите со граѓани.**

Финансиска конструкција – 350 000,00 денари.

**►Набавка** на канцелариски материјали и средства за хигиена за урбаните и месните заедници**.**

Финансиска конструкција – 350 000,00 денари.

**►Проек за обезбедување на урбаните и месните заедници со противпожарни апарати,хидрантска опрема и рачен алат за гаснење на пожар, како и обележување на хидрантите со обележителни табли.**

-ПП апарати С-9, ПП апарати ЦО2-5, ПП хидрантски црева Фи-52, ПП хидрантски млазници Фи-52, ПП хидрантски раскрсници, ПП Те клуч, ПП копачи, ПП кофи, ПП челични метли, ПП секири за сите урбани и месни заедници.
-Обележителни табли за хидранти на целата територија на Општината.
-Обуки за сезонските работници за работа и употребување на ПП апаратите.
Финансиска конструкција – 1 511 700,00 денари.

## Одделението за соработка со невладини организации

Невладини организации е термин кој се употребува во западната терминологија и ги определува сите форми на здружување на граѓаните кои настанале поради остварување на одредени (заеднички ) цели.Општина Кисела Вода има за цел да ја зајакне и унапреди соработката со граѓанскиот сектор, со што ќе дојде до промовирање на неговата улога и да го зголеми граѓанското учество во креирањето на локалните политики за развојот на локалната заедница.

Граѓанските организации со својата експертиза и стручност учествуваат непосредно во развојот на општината , прогресот, а со тоа се зајакнуваат демократските принципи, кој е во духот со Европската повелба за локалната самоуправа. Втемелувањето на граѓанскиот сектор како рамноправен партнер во локалната заедница е потреба за воспоставување на партиципативна демократија. Граѓанските организации како практични познавачи на состојбите и потребите на граѓаните и локалната заедница можат да и´ понудат нови алтернативи за решавање на проблемите од аспект на:локалното финансирање, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детска заштита, здравствена заштита, образованието, давање на експертиза во вклучување на стратешко и акционо планирање на општинскиот развој, неформално образование и други области од општествениот живот.

## 2. ЦЕЛ

- Иницирање, кординирање на непосредна соработка со граѓанските здруженија и невладините организации за проток на информации
  - Учество на граѓанскиот сектор во креирањето на локалните политики
  - Транспарентност – можност за соработка со секоја граѓанска организација која ќе искаже желба за соработка со општината
  - Зајакнување на капацитетите на општинската администрација за унапредување на соработката со граѓанскиот сектор.

## 3. ПЛАН НА АКТИВНОСТИ

- **Традиционално учество на Општина Кисела Вода во хуманитарниот проект „Локална Тортијада во организација на НВО „Ангелчиња- ХОА**

Општина Кисела Вода е традиционален соработник и учесник во хуманитарниот проект Тортијада во организација на НВО „Ангелчиња - ХОА - Скопје. Проектот претставува презентација и натпревар на учесниците во изготвување и декорација на торти со што ја изразуваат својата креативност и умешност. Средствата добиени преку лицитација на тортите хуманитарно се донираат на институции или граѓански лица таму каде што е најпотребно , а со граѓаните и локалната заедница ја покажуваат својата хуманост.

Финансиска конструкција:

-Хуманитарна лицитација на торти – 20 000 денари
-Материјални трошоци за изработка на торти за претставници (аматери)–учесници од О.Кисела Вода – 15 000 денари
-Учество на претставници од општинската администрација и учесници аматери на хуманитарната манифестација (обезбедување на карти)- 14 000 денари

**Финансиски средства – 49 000 денари** - трансферирани средства на НВО Ангелчиња –ХОА

- **Сексуалното и репродуктивно здравје на младите луѓе и преносливите сексуални заразни болести**

Според СЗО, сексуалното и репродуктивно здравје може да се дефинира како состојба на физичка, ментална и социјална благосостојба во однос на сексуалноста и репродуктивниот систем. Младите лица, особено малолетниците се ризична група бидејќи не поседуваат потребно знаење и информации за сексуално преносливи болести, контрацепција и поради тоа се изложени на опасности по своето здравје и ризици од несакана бременост во адолесцентната возраст. Поради тоа се јавува потреба од сексуално образование во рана возраст од стручни лица за да младите лица не се впуштаат во ризично однесување , за спречување на несаканата бременост, пренесувањето на сексуално преносливи болести и инфекции.
Проектните активности ќе се одвиваат со одржување на работилници, изработка на брошури, предавања од стручни лица ( доктор) приспособени на возраста на младите лица.

**Финансиски средства 120 000 денари (** трансфер средства**)**

- **Проект: Организирање на бесплатни здравствени прегледи за граѓаните на Општина Кисела Вода**

**Здравје** е состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба на човековото тело, ум и дух. Превенцијата на здравјето е вештина на спречување на болеста, продолжување на животот и унапредување на физичкото здравје и успешноста на организираноста на заедницата.

Финансиска конструкција:

| | |
|---|---|
| Учество на тим од медицински стручни лица – | / |
| Обезбедување на флаширана вода ,сокови- | 4 000 денари |
| Изнајмување на 2 тенди за медицинскиот персонал | 10 000 денари |
| Изработка на пропаганден материјал - | 12 000 денари |

**Финансиски средства-26 000 денари**

Носители – општина Кисела Вода, ЈЗУ Здравствен Дом- Скопје, институции

- **Обука на вработените од Секторот за месна самоуправа и соработка со невладини организации - посета на семинари , обуки**

Потребата за професионалност и стручност на вработените за надоградување и стекнување на знаења со посета на обуки кои ќе бидат наменети за поквалитетно работење во секторот за просперитет на општината.

**Финансиски средства –40 000 денари (**трансфер средства)

- **Одржување на трибини, работилници**

Зајакнувањето и продалабочувањето на соработката помеѓу граѓанските здруженија и општина Кисела Вода ја иницира потребата на граѓаните од дополнителни познавања и информации од разни области од општествениот живот, како здравствена едукација, унапредување на

животната средина, социјална проблематика, неформално образование и др.Граѓанските организации како практични познавачи на состојбите и потребите на граѓаните и локалната заедница со својата стручност дополнително допринесуваат за развој и просперитет на општината.

**Финансиски средства- 60 000 денари** - трансфер средства (здруженија на граѓани, невладини организации, фондации)

- **Потикнување на еколошката јавната свест и култура за заштита на животната средина за подобра и чиста средина**

Еколошка свест претставува дел на поширока филозофија на општествено движење насочено на чување и унапредување на природното опкружување, како во интерес на поединци, така и во интерес на цивилизацијата и нејзиниот опстанок во целина.

Проектни активности:

- Организирање на трибини, работилници ,предавања од  едукатори, печатење на едукативен материјал.

**Финансиски средства – 60 000 денари (** трансфер средства**)**

- **Проект : Топлотен бран – Заштита и превенција на здравјето на граѓаните од високи температури во летниот период**

**Општина Кисела Вода и Црвен Крст на општина Кисела Вода**

Во духот на взаемната соработка на општина Кисела Вода со О.О на Црвен Крст на општина Кисела Вода која отсекогаш била на високо ниво ќе се реализира проектот „Топлотен бран" во кој општина Кисела Вода учествува во грижата на здравјето на своите граѓани и подобрување на условите на живеење. Проектот ќе се реализира при постоење на топлотни температури од 35 степени целзиусови во периодот јули – август 2015 год.
Активностите ќе ги спроведува Црвениот Крст, а ќе се состојат со одвивање на теренски активности со постоење  на мобилни екипи составени од: возило на Црвениот Крст , медицинско лице- доктор, волонтери на Црвен Крст , кои на граѓаните ќе им им даваат медицинска помош, совети, ќе се делат, шишиња со вода , а ќе им се укаже помош на оние лица кои ќе имаат потреба за носење до крајната дестинација.
Општина Кисела Вода ќе учествува во проектот со кофинансирање заедно со О.О.на Црвен Крст на општина Кисела Вода.

Финансиска конструкција за проектната активност (во зависност од времетраењето на високите температури во период јули – август 2014 г:

| | |
|---|---|
| Обезбедување на флаширана вода | 14 400 денари |
| Обезбедување на гориво за возило | 10 000 денари |
| Инструктори(2) по прва помош - | 20 000 денари |
| Торба за прва помош | 2000 денари |

**Финансиски средства 46 400 денари (**трансферирани средства на Црвен крст на Република Македонија – Општинска Организација на Црвен крст на Кисела Вода

## 3. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од створените технички услови, како и од приливот на средства во буџетот на Општина Кисела Вода.

## 4. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за Месна самоуправа и соработка со невладин сектор.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода” а ќе се применува од 01.01.2016 година.

Број 09-8465/9
18 ноември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Програма (Р) заштита на животната средина и природа
на Општина Кисела Вода за 2016 година

1.Се објавува Програмата (Р) заштита на животната средина и природа на Општина Кисела Вода за 2016 година, донесена на седницата на Советот, одржана на 18 ноември 2015 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 08-9131/8
30.11.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02), член 34 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр. 8/05), а согласно член 15 став 1 точка 2 од Законот за Град Скопје („Службен весник на РМ" бр. 55/04), и член 1 став 1 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр.53/05), Советот на општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница, одржана на 18 ноември 2015 година, донесе

## ПРОГРАМА ( Р)
## ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА
## НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2016 ГОДИНА

Програмата (Р) ја содржи подпрограма Р10

### Подпрограма
### (Р10)
### Заштита на животната средина и природа

**Вовед**

Со оваа подпрограма се уредува:

- Извори за финансирање на Подпрограмата
- Пресметување на трошоците за заштита на животната средина и природа
- Начин на распределба за средствата за финансирање
- Динамика за извршување на Подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

### 2. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА (Р10)

Подпрограмата (Р10) – Заштита на животната средина и природа ќе се финансира од Буџетот на Општина Кисела Вода .

### 3. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА

Трошоците за финансирање на подпрограмата (Р10) – Заштита на животната средина и природа се распоредени во следниот табеларен приказ:

| Категорија | Ставка | Потставка | Опис на ставка | Износ |
|---|---|---|---|---|
| **42** | | | Стоки и услуги | **4.500.000,00** |
| | **425** | | Договорни услуги | **1.000.000,00** |
| | | 425920 | Услуги за копирање,печатење и издавање | 800.000,00 |
| | | 425990 | Други договорни услуги | 200.000,00 |
| | 426 | | Други тековни расходи | **3.500.000,00** |
| | | 426990 | Други оперативни расходи | 3.500.000,00 |

## 4. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕИ ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА (Р10)

*** Образложение за подставка 425990**

Одбележување на денови од ЕКО Календарот во соработка со Основни училишта и градинки на територија на Општина Кисела Вода се ангажираат стручни предавачи за одредена област (отпад,заштеда на енергија,вода,екологија и здравство)

**- 200.000,00** ден**.**

*** Образложение за подставка 425920**

Со оваа подставка се опфатени работилниците за здрава храна, печатење на ЕКО брошури, печатење на ЛЕАП,

**-800.000,00 ден.**

*** Образложение за подставка 426990**

Со оваа подставка се опфаќаат активности со кои се одбележуваат на пролетта, пролетно и есенско пошумување, изработка на Студија за техничка вода на територија на ОКВ, изработка на ЛЕАП за ОКВ

**- 3.500.000,00 ден**

## 5. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи,инфраструктура,сообраќај и заштита на животната средина.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во Службен гласник на Општина Кисела Вода, а ќе се применува од 01.01.2016 година.

Број 09-8465/10
18 ноември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Програма од надлежност В – предучилишно воспитување
за 2016 година Програма В1 -Предучилишно воспитување

1.Се објавува Програмата од надлежност В – предучилишно воспитување за 2016 година Програма В1 - Предучилишно воспитување, донесена на седницата на Советот, одржана на 18 ноември 2015 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 08-9131/9
30.11.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), член 15 став 1 точка 3 од законот за Град Скопје („Службен весник на РМ” бр.55/04) и член 34 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје “бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 18 ноември 2015 година, донесе

## П Р О Г Р А М А

од надлежност В – предучилишно воспитување за 2016 година
Програма В1 -Предучилишно воспитување

**1.Име на проектот: Развивање на надареноста кај децата според Никола Тесла системот на учење**

**Цели и задачи:**

- Основна цел на проектот кај децата да се промени начинот на размислување, решавање на проблемските ситуации и учењето.

- Развивање на функционалното мислење наспроти репродуктивното, односно учење на памет.

- Реализација на активности преку вежби, игри, работилници, асоцијативни игри, апстрактно-мисловни вежби, создавање на загонетни реченици и приказни, мисловна класификација и серијација и др.

**Времетраење на проектот – 12 месеци во текот на целата година.**
**Ораганизација: ОКВ, ЈДГ и ОУ**

**Финансиска конструкција:**

Брошури, флаери, печатење материјали од практична работа –30.000,00 .денари.

Обучувач: 59.000,00 денари

**Вкупно: 89.000,00 денари**

**2. Име на проектот: Рана интервенција, препознавање и работа со деца со пречки во развојот**

**Цели и задачи:**

- Информираност на кадарот за процесот на инклузија

- Стекнување на нови практични знаења за раната интервенција и порепознавање на децата со пречки во развојот

(работилници, практична работа и брошури)

- Запознавање со институциите за соодветен третман и начинот на работа со децата со пречки во развојот

- Истакнување на важноста и работата на дефектологот при опсервација, следење и индивидуална работа со децата со пречки во развојот

(видеопрезентација, приказна случај).

- Стекнување на знаења за најновите трендови и комуникација и третман на децата со посебни потреби.

- Информирање на родителите со флаер и инструменти за следење и поттикнување на развојот на децата.

**Времетраење на проектот – 12 месеци во текот на целата година.**
**Ораганизација: ОКВ, ЈДГ**

**Финансиска конструкција:**

Брошури, флаери, друг репрезентативен материјал – 15.000,00 ден.

Работни материјали за работилници – 23.000,00 ден.

Обучувачи (1) – 6.000,00ден.= 12.000,00 ден.

Храна, освежување – 5.000,00 ден.

**Вкупно – 55.000,00 ден.**

**3.Име на проектот: Ксантика – вековна традиција за славење на чистотата, радоста и будењето на природата**

**Цели и задачи:**

-Негување на традицијата

-Одбележување на пролетта

- Зпознавање на децата со обичаите и традицијата негувани од нашите предци.

**Времетраење на проектот– 01.03.2016 година**

**Финансиска конструкција:**

Изработка на мартинки, креативни изработки во бела-црвена боја

И украсување на парковите во општина Кисела Вода.

**Вкупно –30.000,00 денари**

**4. Име на проектот: Првите чекори во светот на сообраќајот**

Сообраќајно ранче **–** здрави и безбедни

**Цели и задачи:**

- Успешно и безбедно вклучување во брзиот, густ и динамичен сообраќај заедно со возрасните

- Запознавање со опасностите од непочитување на сообраќајните правила

- Будење на еколошката свест кај родителите и поттикнување на децата за радосно живеење во здрава животна средина.

**Временска рамка: Декември - Март**
**Ораганизација: ОКВ, ЈДГ,Сообраќајна полиција**

**Финансиска конструкција:**

Преведувачи, обучувачи, стрип прирачник, знаци (карти),стручни соработници, илустратор,

еко ранче

Преведувачи (3) – 18.000,00 ден.

Брошури, работен материјал, стрип прирачник, знаци во карти и работилница – 45.000,00 ден.

Еко ранчиња – 32.000,00 ден.

**Вкупно – 95.000,00 ден.**

**5.Име на проектот: Мини спортски Бамбино терени**

**Цели и задачи:**

- Здрава навика за здрав живот од најрано детство.
- Социјализација во колективните спортови.
- Развивање на моториката кај децата**.**

**Финансиска конструкција:** 8 мини спортски терени за одбојка, кошарка, фудбал, ракомет, бадминтон, мини голф – 8 терени – 30.000,00 ден.

**Вкупно – 240.000,00 ден.**

**Временска рамка – Декември - Мај**

**Социјална Заштита - ВА**

**Капитални трошоци:**

1.Детска Градинка - Пинтија

-Изградба и опрема на нова градинка **-20.000.000,00** денари

2.Реконструкција и санација на објекти – **3.000.000,00**

**II. Динамика на извршување на програмата**

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од создадените технички услови, како и приливот на средства во буџетот на Општина Кисела Вода

ллл. Преодни и завршни одредби

Релизацијата на Програмата ја одобрува градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за образование, предучилишно воспитување, култура и спорт.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода", а ќе се применува од 01.01.2016 година.

Број 09-8465/11
18 ноември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Програма (Н1) и Програма (НА) капитални расходи
основно образование за 2016 година

1.Се објавува Програмата (Н1) и Програмата (НА) капитални расходи основно образование за 2016 година, донесена на седницата на Советот, одржана на 18 ноември 2015 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 08-9131/10
30.11.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 3 и член 62 точка 1 и 2 од Законот за Локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр. 5/02), член 34, став 1, точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода(„Службен гласник на Град Скопје" бр. 8/05 и Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06), член 16 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 103/08), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница, одржана на 18 ноември 2015 година, донесе

## ПРОГРАМА ( X1 ) ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2016 ГОДИНА

1. Име на проектот

### ДЕН НА МАЈЧИНИОТ ЈАЗИК

- Јавен литературен и ликовен конкурс за учениците од ОУ
- Организирање на јавна трибина

**Цел на проектот:**

Негување на мајчиниот јазик – творење и потикнување, оддавање признанија

**Време на реализација:** 21 – ви февруари, 2016 година

**Реализатор:** Општина Кисела Вода во соработка со сите основни училишта

**Потребни средства:**

Три автобуси за еднодневна посета на спомен куќи на познати и истакнати македонски книжевници преродбеници, со учениците од сите ОУ на територија на општината, учесници на конкурсот, наградените ученици, нивните ментори и претставници од општина Кисела Вода по повод Ден на мајчиниот јазик.

Награди, дипломи, за учесниците на конкурсот и нивните ментори, со пригодна програма на 21– ви февруари за доделување на наградите во чест на мајчиниот јазик:

**Потребни средства:**

- Прва награда ( книги ) 3.000,00 денари
- Втора награда ( книги ) 1.800,00 денари
- Трета награда ( книги ) 1.000,00 денари

Три автобуси – автоден ........ 3x12.390=37.170 ден.

**Вкупно ............................ 42.970,00 денари**

2. Име на проектот

### ЛИТЕРАТУРЕН КАРАВАН

**Цел на проектот:**

Доближување на убавиот пишан збор до учениците, запознавање со творештвото на македонските и светските автори и воедно поттик за творење на учениците.

- Одбележување на Месецот на книгата од 15 Октомври до 15 Ноември
- Организирани посети на саем на книгата за сите ученици.
- Организирање на посета во градски библиотеки и запознавање со делата на најзначајни светски автори за учениците од ВИИ и ВИИИ одделение.
- Организирање на посета на спомен куќи на познати македонски писатели и поети во повеќе градови во Македонија и организирање на креативен поетско – литературен час на учениците инспирирани од местото кое го посетуваат.
- Заеднички средби со познати македонски автори, на кој ќе се презентира дел од творештвото на писателите и поетите пред младите љубители на пишаниот збор во основните училишта
- Збогатување на библиотечниот фонд со лектирни изданија и дополнителна литература на библиотеките во училиштата според потребите .

**Време на реализација:** 2016 година

**Реализатор:** Општина Кисела Вода во соработка одговорните наставници на литературните и библиотекарските секции од основните училишта.

**Потребни средства за реализација:**

- Еднодневна посета на саем на книгата за сите училишта
- Организирање на посета во градски библиотеки, запознавање со делата на најзначајни светски автори за учениците од ВИИ и ВИИИ одделение
- Осум автобуси организирање на посета на спомен куќи на познати македонски писатели и поети во Велес (автоден).

**Вкупно: ............................ 8 x 11.400,00= 91.200,00 ден.**

3. Име на проектот

**ШТО СО ОТПАДОТ?**

- Рециклираме**,** селектираме**...**

**Цел на проектот:**

Будење и развивање на свеста кај учениците за значењето и вредноста на здравата животна средина. Негување, активен однос на младите кон средината во која живеат и делуваат со цел подобрување на истата. Превенција и подигнување на хигиената во основните училишта. Едукација на учениците, наставнците, родителите, вклучени во најразлични активности од повеќе области во животната средина. Стекнување со вештини за работа во тим, (самодоверба, одговорност, припадност, хуманост). Збогатување на библиотечниот фонд со литература во сверата на екологијата.

**Време на реализација:** 2016 година

**Реализатор на проектот:** ПАКОМАК ДОО Скопје

**Потребни средства за реализација:**

Презентација за сите ученици учесници во проектот на тема: - Што со отпадот? - од страна на надворешни соработници, координатори на проектот

Организирање на работилници во сите училишта на тема : Отпадот од домот; Отпадот во училиште; Отпадот во заедницата; Истаржувања; Идеи за понатамошна работа - од страна на надворешни соработници.

4. Име на проектот

**Популаризирање на театарот**

**Цел на проектот:**

Подигање на интересот на учениците за театарската уметност, создавање база за надградба, можност за размена на искуства и стекнување на нови знаења

**Време за реализација на проектот:** 2016 година

**Реализатор на проектот:** општина Кисела Вода, сите ОУ и Надворешен соработник – преку авторска агенција

**Потребни средства за реализација на проектот:**

За еден соработник 10.000,00 денари,
за активностите во осум ..8 х 6.000 .... 48.000 денари
**Вкупно ............................. 58.000,00**

5. Име на проектот

**„100 ТАЛЕНТИ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА„**

**Цел на проектот:**

Откривање, развој и поддршка на талентирани ученици од основното образование во областа на науката, уметноста, културата.

**Време за реализација на проектот:** Мај – Јуни 2016 година

Заради постигнатите резултати на учениците во изминатата учебна година 2014/2015 година од повеќе области, од основните училишта кои се на територија на општина Кисела Вода при реализација на многубројните проекти, Општина Кисела Вода по втор пат оваа година доделува еднократна парична награда за 100 талентирани ученици од повеќе области ( уметност, наука, култура ).

Оваа еднократна парична помош ќе претставува дополнителна мотивација кај младите таленти за понатамошен развој и надградување на сопствената личност.

Изборот ќе се направи во училиштата со посебно наведени критериуми со Одлука на Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор, а пристигнатите предлози ќе бидат разгледувани од Комисија со решение од градоначалник формирана за таа намена.

**Потребни средства за реализација на проектот:**

- Доделување на парични награди за 100 талентирани ученици од основните училишта за учебната 2014/2015 година
- Планирани средства за 100 таленти ................вкупно 750.000,00 денари

**Вкупно:............................. 750.000.00 денари**

6. Име на проектот

**5 –ти ОКТОМВРИ СВЕТСКИОТ ДЕН НА УЧИТЕЛОТ**

Одбележување на Светскиот ден на Учителот со доделување на пофалници за наставникот со најдолго работно искуство во основните училишта во општина Кисела Вода и благодарници за наставниот кадар во основните училишта за континуиран придонес во воспитно образовниот процес.

**Цел на проектот:**

Одбележување на Светскиот ден на учителот,

**Време на реализација:** 05 Октомври 2016 година.

**Реализатор:** Општина Кисела Вода во соработка со основните училишта од општината

7. Име на проектот

**Проект за меѓуетничка интеграција во образованието**

Проект на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието и Македонскиот центар за граѓанско образование.

**Цел на проектот:**

Воведувањето на меѓуетничка интеграција во образованието претставува вложување во иднината на децата и младите затоа што им помага да станат одговорни граѓани кои знаат заеднички да живеат во мултикултурно/ мултиетничко општество и заеднички да придонесуваат за развојот на ваквото општество.

Компоненти на проектот:

1. Информирање на јавноста и заедниците
2. Градење капацитети кај раководството и наставниците во училиштата
3. Креирање модел училишта
4. Обезбедување стимул за училиштата и за локалните заедници

Планирани активности со општините:

- Учество на обуки и работни состаноци со тимот на ПМИО
- Изработка на акционен план за поддршка на МИО ( усвојување на акциониот план од Советот на општината )
- Насочување и поддршка на училиштата за спроведување и промовирање на активностите за МИО
- Обезбедување ресурси на училиштата
- Учество во организирање на кампањи и дебати за подигнување на свесноста на населението за меѓуетничка интеграција.

**Време на реализација:** 2016 година

Акционен план за работа на општината за реализација на ПМИО во учебната **2015/2016** година

| **Активности** | **Одговорни** | **Потребни ресурси** | **Временска рамка** | **Коментари/забелешки** |
|---|---|---|---|---|
| Ден на мајчиниот јазик | ОУ и ОКВ | Предвидени во програмата | 21.февруари 2016 година | Учество со литературни и ликовни творби |
| 8 ми март ден на жената | ОУ | Предвидени во програмата | 8.Март 2016 година | Учество со литературни и ликовни творби |
| Ден на учителот | ОУ и ОКВ | Без финансиски средства | 05. Октомври 2016 година | Одбележување на Светскиот ден на учителот |

8. Име на проектот

**„Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовенсистем”**

проект кој се имплементира преку канцеларијата во Министерството за образование и наука на Република Македонија, согласно потпишаниот Меморандум за соработка со Швајцарската агенција за развој и соработка

**Цел на проектот:**

Главна придобивка е можноста за создавање мрежа на еко-училишта кои ја усвоиле заштитата на животната средина како една од основните вредности во својот развој и управување. Со членство во мрежата, еко-училиштата добиваат можност за учество во национални и интернационални натпревари, можност за аплицирање со проекти, можност за добивање финансиска поддршка од ОХО, поврзување со училишта од регионот и пошироко и многу други поволности.

За таа цел, Здружението на граѓани ОХО како имплементатор на Програмата, распишува конкурс за наградување на училишта за бронзено ниво, сребрено ниво и ниво на зелено знаме. Училиштето може да аплицира само за едно ниво на наградување од Програмата.

**Време на реализација:** 2016 година

**Потребни средства за основните училишта по добиената награда за:**

Партение Зографски; Круме Кепески; Невена Георгиева Дуња; Св. Климент Охридски; Рајко Жинзифов; Кузман Шапкарев; Кузман Јосифовски Питу; Кирил Пејчиновиќ

**Вкупно ............................. 60.000,00**

**Динамиката на извршување на Програмата за образование (Н1)**

Динамиката на извршување на Програмата за образование (Н1) ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2016 година.

**Преодни и завршни одредби**

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за образование, предучилишно воспитување, култура и спорт.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода” а ќе се применува од 01.01.2016 година.

**ПРОГРАМА (НА)**
**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**I. ПРОГРАМА - ( НА) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) ЗА 2016 ГОДИНА :**

**II. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА ПО ВИДОВИ РАСХОДИ СПОРЕД СЛЕДНИОТ ПРИКАЗ:**

**П Р О Г Р А М А**
**(НА)**
**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

## 1. ВОВЕД

Со оваа програма се уредува:

- Извори на финансирање на програмата
- Пресметување на трошоците за реконструкција на училишта
- Динамика на извршување на програмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

- Општината обезбедува капитални средства за реконструкција и уредување на Основните училишта од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

- **Изградба на нов училишен објект ООУ "Невена Георгиева Дуња"** во соработка со Влада на Република Македонија со 80 милиони денари

  Општината Кисела Вода од Буџетот за 2016 година ќе издвои средства за општинска контрибуција**:**

- ООУ "Невена Георгиева Дуња" - 5.000.000.00 ден.

- **Реконструкција на основни училишта - санитарни јазли предвидени се 6.000.000 денари**

- ООУ "Кузман Шапкарев" - 3.000.000,00 денари
- ООУ "Круме Кепески" (централно) - 3.000.000,00 денари

- **Реконструкција на основни училишта – електрична инсталација предвидени се 5.000.000 денари**

- ООУ "Кузман Шапкарев" - 2.000.000,00 денари

- ООУ "Круме Кепески" (централно) - 3.000.000,00 денари

- **За тековно одржување и други градежно занатски работи во основните училишта во општина Кисела Вода предвидени се 3.000.000,00 денари**

Табела 2

| Ред. Бр. | Име на проектот | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | **Контрибуција на ОКВ за изградба на нов училишен објект ООУ "Невена Георгиева Дуња"** | **5.000.000.00** |
| 2. | **Реконструкција на основни училишта – санитарни јазли**<br>ОУ "Кузман Шапкарев" - 3.000.000,00 ден<br>ОУ "Круме Кепески" (централно)- 3.000.000,00 ден | **6.000.000,00** |
| 4. | **За тековно одржување и други градежно занатски работи во основните училишта во општина Кисела Вода предвидени се 3.000.000,00 денари** | **3.000.000,00** |
| | **Реконструкција на основни училишта – електрична инсталација предвидени се 5.000.000,00 денари**<br>ОУ "Кузман Шапкарев" - 2.000.000,00 ден<br>ОУ "Круме Кепески" (централно)- 3.000.000,00 ден | **5.000.000,00** |
| | **ВКУПНО** | **19.000.000,00** |

Табела 3

| Ред. Бр. | ПРОГРАМИ | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | ПРОГРАМА ( X1 ) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | 1.002.170,00 |
| 2. | ПРОГРАМА ( НА) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | 19.000.000,00 |
| 3. | ВКУПНО | 20.002.170,00 |

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година.

**5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за образование, предучилишно воспитување, култура и спорт.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донеувањето, ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода" а ќе се применува од 01.01.2016 година.

Број 09-8465/12
18 ноември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Програма за активностите на Општина Кисела Вода
од областа на социјалната заштита во 2016 година

1.Се објавува Програмата за активностите на Општина Кисела Вода од областа на социјалната заштита во 2016 година, донесена на седницата на Советот, одржана на 18 ноември 2015 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 08-9131/11
30.11.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 22 точка 7 и 62 точка 1 и 2 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 5/02 и член 3 точка 3, член 11 точка 1, 2 и 3 и член 12 од Закон за социјална заштита (Сл.весник на Р.М. бр.79/09) и член 34 точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода (Сл.гласник на Град Скопје бр. 8/05 и Сл.гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 18 ноември 2015 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

за активностите на Општина Кисела Вода
од областа на социјалната заштита во 2016 година

## I. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Главна цел на Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита, во Општина Кисела Вода е да предложи форми на социјална и здравствена грижа и да одреди приоритети во решавањето на истите во рамките на своите законски овластувања за добробитта на своите граѓани.

## II. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на оваа Програма се активности кои ќе се реализираат во текот на 2016 година, а преку кои ќе се имплементираат надлежностите на Општина Кисела Вода , во областа на социјална, детска и здравствена заштита.
Во рамките на своите надлежности во областа на социјалната заштита Општина Кисела Вода има право да ја развива и унапредува мрежата на социјални услуги во процесот на деинституционализација и воедно реализаирање на програми за социјална заштита, при што, неопходно е општината:

- Да развива и јакне соработка меѓу владини и невладини институции кои вршат работи во област на социјална заштита;
- Да донесува развојни програми од областа на социјалната заштита;
- Основање на јавни установи за социјална заштита;
- Развивање на вонинституционални форми за социјална заштита;

## III. ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА

Со Програмата се предвидува фокусот на активностите на Општина Кисела Вода, во областа на социјална, детска и здравствена заштита, да биде насочен кон остварување на пет приоритетни цели кои треба да придонесат за унапредување на социјалната и здравствената заштита на граѓаните:

Остварување социјална заштита на лица со посебни потреби;

Остварување социјална заштита на лица засегнати од злоупотреба на дрога;

Општествено вклучување и социјални услуги;

Еднакви можности, недискриминација, поттикнување и развој на лични и општествени вредности;

Унапредување на здравствена заштита.

**План на мерки носители и рок на исполнување на активности на Општина Кисела Вода за социјална заштита**

Во текот на 2016 година Општина Кисела Вода ќе спроведе низа на мерки и активности од различни области во склоп на социјалната заштита со која ќе се опфатат повеќе групи на граѓани.

1.Проект за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода од 01-01-2016 до 31-12-2016г.

носители: Општина Кисела Вода

рок: во текот на годината

вкупно средства:4.000.000,00 ден.

2.Спроведување на проект "Од помош до самопомош – Патролен социјален работник

носители: Општина Кисела Вода, МТСП, Црвен крст на општина Кисела Вода и др.релевантни институции

рок: во текот на годината

вкупно средства: 200.000,00ден.

(150.000,ден. - годишен хонорар запатролен социјален работник, 50.000,00ден. плаќање на разни услуги)

3.Спроведување на проект за терапевтско пливање "Слобода во вода" за деца со посебни потреби

носители: Општина Кисела Вода, НВО "Дајте ни крилја" – Скопје

рок: во текот на годината

вкупно средства: 120.000,00ден. (трансферирани средства на НВО"Дајте ни крилја")

4.Унапредување на воспитно-образовен процес и квалитет на живеење на децата со посебни потреби и едукација на лицата со инвалидност на територија на Општина Кисела Вода.

носители: Општина Кисела Вода, Сојуз на дефектолози на Р. Македонија и др.релевантни институции

рок: во текот на годината

вкупно средства: 120.000,00ден (трансферирани средства на Сојуз на дефектолози на Р.М.)

5. Подршка и спроведување на други проекти од областа на социјалната заштита за подигање на јавната свест кај граѓаните за социјално чувствителни прашања

рок: во текот на годината

вкупно средства:300.000,00ден. (трансфер средства)

6. Промоција и реализација на активности за еднакви можности помеѓу жените и мажите и унапредување на човековите права;

носители: Општина Кисела Вода, НВО, МТСП и други релевантни институции

рок: во текот на годината

вкупно средства: 150.000,00ден. (трансфер средства)

**IV. Динамика на извршување на програмата**

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од создадените технички услови и соодветен прилив на финансиски средства на буџетот на Општина Кисела Вода.

1.Проект за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода од 01-01-2016 до 31-12-2016г. **4.000.000,00 ден.**

2.Спроведување на проект “Од помош до самопомош – Патролен социјален работник

носители: Општина Кисела Вода, МТСП, Црвен крст на општина Кисела Вода и др. релевантни институции. **200.000,00 ден.**

3. Спроведување на проект за терапевтско пливање “Слобода во вода” за деца со посебни потреби. **120.000,00 ден**

4.Унапредување на воспитно-образовен процес и квалитет на живеење на децата со ПП и едукација на лицата со инвалидност на територија на Општина Кисела Вода. **120.000,00 ден.**

5. Подршка и спроведување на други проекти од областа на социјалната заштита за подигање на јавната свест кај граѓаните за социјално чувствителни прашања **300.000,00 ден.**

6.Промоција и реализација на активности за еднакви можности помеѓу жените и мажите и унапредување на човековите права **150.000,00ден.**

**Вкупно средства 4.890.000,00 ден.**

Оваа Програма за активностите на Општина Кисела Вода од областа на социјална заштита, влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во Службен гласник на Општина Кисела Вода, а ќе се применува од 01-01-2016год

Број 09-8465/13
18 ноември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Програма за спорт и рекреација за 2016 година

1.Се објавува Програмата за спорт и рекреација за 2016 година, донесена на седницата на Советот, одржана на 18 ноември 2015 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 08-9131/12
30.11.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (..Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 34 точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 18 ноември 2015 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

за спорт и рекреација за 2016 година

**Вовед**

Оправданоста и потребата за постоење на програма за спорт во општина Кисела Вода се темели врз Уставот на Република Македонија , Законот за спорт и Законот за локална самоуправа кои предвидуваат и задолжуваат, остварување и задоволување на јавниот интерес и потребата на граѓаните за спорт. Тргнувајќи од тој аспект, општината Кисела Вода обезбеди широк спектар на програмски спортски збиднувања кои треба да се реализираат во 2016 година. Во нив голем дел е посветен на универзалните вредности на училишниот спорт. Фундамент за развој на спортот треба да претставуваат добро организираните спортски активности во образовните институции. Подигнувањето на нивото на организација на училишниот спорт, несомнено ќе резултира со зголемување на масовноста од една страна, но и со можност за квалитетна селекција на врвни спортски таленти од друга страна. Проектот „Спорт за сите деца и граѓани" ќе овозможи да се продуцира масовност во делот на спортувањето за децата од основното образование и гражаните на ОКВ. Имено, Општината во соработка со добро организираните спортски клубови од Македонија, ќе врши селекција на деца од 7 до 15 години. Со овој проект предвидено е до крајот на 2016 година во спортските сали во Општината да спортуваат над 1000 деца во повеќе спортови. Со овој проект, низ разни спортски активности планирано е да се опфатат во разни категории на граѓаните на ОКВ. Опфатен е и рекреативниот спорт, масовниот спорт и клубскиот спорт, преку помагање на спортски клубови кои егзистираат на територијата на Општината, како и финансирање на спортски манифестации кои ќе се одржат на територијата на општината Кисела Вода.

Општината Кисела Вода во изминатите девет години организираше училишен спорт во осумте основни училишта кои егзистираат во Општината. Последните неколку години Општината од страна на Федерацијата за училишен спорт на Македонија го доби приматот - најмасовна Општина во државата во делот на програмската реализација во училишниот спорт.

Но, тука не треба да се застане. Програмата за 2016 година ќе биде насочена кон продукцијата на квалитет на училишни тренинзи во спортовите мал фудбал, кошарка, одбојка, шах и пинг понг, каде за тренери и едукатори ќе бидат ангажирани врвни репрерзентативни имиња, така, и во делот на одигрувањето на спортските натпревари во лигите. Преку, развојот на училишниот спорт ќе бидат опфатени голем број на ученици во разни спортски дисциплини согласно нивниот афинитет и талент. Од училишниот спорт треба да произлезат голем број таленти.. Општината Кисела Вода, отсекогаш била расадник на спортски таленти во повеќе спортови. Така ќе биде и овојпат, во насока на откривање на талентите и давање шанса за афирмација. Токму во таква креативна смисла е направена програмата за спорт 2016 година во чија содржина главен акцент се става на формирање на спортски училишни клубови, како

и поголема активност на Сојузот за училишен спорт на ОКВ.

Како надградба на проектот „Училишен спорт” се надоврзува реализацијата на проектот „Куп на Кисела Вода -Св.Ѓорѓи”. Проектот во еден дел е повисока фаза на организација на училишниот спорт каде талентите се селектираат во селекција на Општината. Тој содржи организација и одигрување на натпревари со нивни врсници од другите Општини, но, по можност одигрување и на меѓународни натпревари. Токму, поради размената на искуства со други држави каде со успех се третира „Училишниот спорт”, во 2016 година „Купот Св Ѓорѓи”, доколку има можност, може да има и меѓународен карактер. Всушност. проектот „Куп на Кисела Вода -Св.Ѓорѓи”, покрај училишен со дел од спортските проекти ќе има рекреативен, афирмативен и масовен карактер.

Во спортската програма за 2016 година со проектот , Спортуваме - другаруваме” ќе бидат опфатени и децата со посебни потреби кои се дел од посебните училишта „Д-р Златен Стремец” и „Димитар Влахов”.

Согласно, препораките од владината Агенција за млади и спорт свое место во општинската програма за спорт -2016 година ќе заземе проектот „Помагање на спортските клубови”, „Помагање и спонзорство на спортски манифестации” како и проектот „Спортска академија на општина Кисела Вода”, кој е наменет за одржување на промоции, спортски трибини, симпозиуми, реализација на тренинзи предводени од афирмирани спортисти, актуелни и сегашни селектори, странски стручњаци и спортски легенди.

Проектот „Спортска академија” за 2016 година, покрај другите едукативни програми, предвидува, доколку има можност и формирање на „Спортско друштво на ОКВ” во чие функционирање треба да заживеат неколку спортски клубови од повеќе спортски гранки и неколку проекти важни за развојот на спортот во Општината, меѓу нив и „Спортски денар”.

Вкупната сума потребна за реализација на спортските програми предвидени да се реализираат во 2016 година изнесува 5.000.000 денари.

## АКТИВНОСТИ, ЦЕЛИ И ПОТРЕБИ ВО УЧИЛИШНИОТ, КЛУБСКИОТ, РЕКРЕАТИВНИОТ И МАСОВЕН СПОРТ

## - ФИНАНСОВ ПЛАН

| Ред Бр. | Активности | Цели | Рок | Сума | Извршител |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Училишен спорт на ОКВ<br><br>Покровител: Градоначалник на ОКВ и Совет на Општината | Развој, откривање и надградување на спортскиот талент кај учениците | Тековна 2016 година | 1.000.000 | Одделение за спорт на ОКВ<br>Сојузот за училишен спорт на ОКВ<br>Спортските клубови во сновните училишта |
| 2. | Куп на општина Кисела Вода „Св.Ѓорѓи"<br>Покровител: Градоначалник на ОКВ и Совет на Општината | Остварување на меѓуопштинска соработка.<br>Формирање на селекција на таленти во спортовите мал фудбал, кошарка, одбојка | Мај 2016 | Спонзорство | Одделение за спорт на ОКВ<br>Сојузот за училишен спорт на ОКВ<br>Основни училишта |
| 3. | Помагање на спортски клубови и здруженија<br>Покровител: Градоначалник на ОКВ и Совет на Општината | -помагање во реализација на спортските програми на клубови и здруженија | Тековна 2016 год. | 1.000.000 Ден. | Одделение за спорт на ОКВ |
| 4. | Помагање и спонзорство на спортски манифестации Покровители: Градоначалник на ОКВ и Совет на Општина | -хунанитарни турнири<br>-спортски манифестации кои се оддржуват во Општината | Тековна 2016 год. | 1.000.000 Ден. | Одделение за спорт на ОКВ<br>Спортски здруженија, спортски федерации,<br>Спортски клубови, |
| 5. | Спортска академија на општина Кисела Вода<br>Покровител;<br>Градоначалник на ОКВ и Совет на Општина | промоции, спортски трибини, симмпозиуми, реализација на тренинзи предводени од актуелни репрезентативци и поранешни селектори | Тековна 2016 год. | Спонзорство | Одделение за спорт на ОКВ<br>ФФК<br>Спортски федерации<br>Спортски клубови<br>Агенција за млади и спорт |
| 6. | Доделување на парична награда за 100 таленти од основните училишта | -Мотивација<br>-афирмација | март-јуни 2016 | 750.000 денари | Одделение за спорт на ОКВ<br>Основни училишта |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Тековно одржување на спортските сали „Независна Македонија” и „Архиепископ Доситеј” | -спортските сали треба да се наѓаат во исправна состојба поради дејноста за што се наменети:<br>-масовност, афирмација на таленти, развој на спортот во ОКВ | Тековна 2016 година | 500.000 денари | Одделение за спорт на ОКВ |
| 8. | Реализацијата на програмата „СПОРТУВАМЕ-ДРУГАРУВАМЕ “ за деца со посебни спортови.<br>Покровител: Градоначалник на ОКВ и Совет на Општината | -Социјализација<br>-Дружење низ игра<br>-Подобрување на психофизичкиот развој кај децата, | Тековна 2016 год. | 50.000 ден. | Одделение за спорт на ОКВ<br>Училишта:<br>„Д-р Златен Стремец”<br>„Димитар Влахов” |
| 9. | Шаховска лига меѓу МЗ<br>Покровител: Градоначалник на ОКВ и Совет на Општинат | -развој на шахот во Општината<br>-масовност во спортот<br>-рекреација | Тековна 2016 год. | 100.000 ден. | Одделение за спорт на ОКВ<br>Пензионерски клубови<br>Месни заедници |
| 10. | Баскет лига „Стрит Бол”<br>Покровител: Градоначалник на ОКВ и Совет на Општината | - развивање на рекреативен спорт<br>-масовност<br>-промоција на млади таленти | Тековна 2016 год. | 300.000 | Одделение за спорт на ОКВ<br>КФМ |
| 11. | Фудбалска лига(мал фудбал) „Кисела Вода”<br>Покровител: Градоначалник на ОКВ и Совет на Општината | - развивање на рекреативен спорт<br>-масовност<br>-промоција на млади таленти | Тековна 2016 год. | 300.000 | Одделение за спорт на ОКВ<br>ФФМ<br>Приватни фирми,<br>Државни институции, |
| 12. | Промотивен матерјал потребен за афирмација на спортот | Репрезентација<br>-видео<br>-дресови<br>-дипломи<br>-брошури | Тековна 2016 год. | Спонзортсво | Одделение за спорт |
| 13. | „Спорт за сите деца и граѓани” | Масовно спортување на деца од основното образование<br>-развој и унапредување на спортот<br>-стекнување спортски навики | Тековна 2016 година | Спонзорство | Одделение за спорт<br>Спортски клубови<br>Спортски федерации |

**Проекти:**

**1. Име на проектот:** Училишен спорт во општина Кисела Вода.

**Носител на проектот:** општина Кисела Вода и основните училишта кои егзистираат на територијата во ОКВ.

**Генерален покровител:** Билјана Беличанец Алексиќ, градоначалник на општина Кисела Вода и Советот на Општината.

1.1 Динамика на реализација на проектот

Основните училишта кои егзистираат на територијата во ОКВ, во 2016 година, доколку немаат формирано спортски клубови, истите треба да ги формираат во најскоро време. Средствата, за училишните клубови, Сојузот за училишен спорт на ОКВ, основните училишта кои егзистираат на територијата на ОКВ, предвидено е да се доделат со јавен оглас од страна на Општината. На јавниот оглас секој спортски клуб или основно училиште и Сојузот за училишен спорт на ОКВ ќе аплицираат со својата програма за работа за 2016 година.
Опис на активноста. Преку развојот на училишниот спорт во општина Кисела Вода ќе биде опфатен голем број на ученици во разни спортски дисциплини согласно нивниот афинитет и талент. Организацијата на натпреварите ќе биде согласно правилниците на Федерацијата за училишен спорт и пропишаните норми од Агенцијата за млади и спорт. Натпреварите ќе бидат во организација на Сојузот за училишен спорт на ОКВ, а на истите ќе учествуваат спортските клубови од основните училишта или екипи од основните училишта.

1.2 Цели и очекувани ефекти

Целта на училишниот спорт во општина Кисела Вода е откривање, развој и усовршување на спортскиот талент на учениците во функција на развој на здрав дух во здраво тело, во функција на развој на демократска личност подготвена да се натпреварува и да постигнува добри резултати во своето подоцнежно ангажирање во работниот и животниот процес. Спортскиот талент на учениците ќе се развива низ стручен тренажен процес а степенот на усовршување ќе се проверува и надградува низ системот на натпревари. Очекувачки ефекти од овој проект се развојот на хуманоста кај учениците, развојот на фер-плеј однесување на спортските терени и надвор од нив, развој на меѓусебна подршка кај младите на спортските терени и во секојневниот живот.
1.3 Финансиска конструкција За реализација на овој проект предвидени се 1 000.000 а истите ќе се доделуваат по предходен објавен јавен оглас.

**2. Име на проектот:** Куп на општина Кисела Вода „Св Ѓорѓи"

**Носител на проектот:** општина Кисела Вода

**Генерален покровител:** Билјана Беличанец Алексиќ, градоначалник на општина Кисела Вода и Советот на Општината.

2.1 Динамика на реализација на проектот

Купот на општина Кисела Вода „Св Ѓорѓи"веќе стана традиционален. Најдобрите талентирани ученици по спортовите мал фудбал, кошарка и одбојка ќе бидат селектирани од страна на селектори (професори по физичка култура и тренери). Оттука ќе се формира Селекција на таленти од општина Кисела Вода во спортовите мал фудбал, кошарка и одбојка кои ќе имаат настап на турнирите со своите врсници (поканети Општини од Скопје и доколку има можност и од соседните држави). Месец мај е предвиден за реализацијата на проектот „Куп Св. Ѓорѓи".

2.2 Цели и очекувани ефекти

Купот „Св.Ѓорѓи" претставува повисока фаза на усовршувње на талентираните ученици од училишниот спорт. Да се биде дел од Селекцијата на таленти на Општината, за самиот ученик ќе значи мотив повеќе за спортување и желба за усовршување. Исто така значајна е и меѓуопштинската соработка на општината Кисела Вода со Општини од Скопје.

2.3 Финансиска конструкција

Проектот „Куп Св.Ѓорѓи" ќе се реализира со спонзорство.

**3. Име на проектот:** „Помагање на спортски клубови и здруженија"

**Носител на проектот:** општина Кисела Вода

**Генерален покровител:** Билјана Беличанец Алексиќ, градоначалник на општина Кисела Вода и Советот на Општината.

3.1 Динамика и реализација на проектот

Во општината Кисела Вода егзиститираат околу 80 спортски клубови и спортски асоцијации и спортски здруженија. Залагајќи се за поголем развој на спортот, согласно своите финансиски можности Општината е подготвена да ги помогне годишните програми на одделни спортски клубови и здруженија по предходна категоризација на спортовите и дефинирани критериуми од страна на комисијата за спорт при Советот на општина Кисела Вода. Средствата, предвидено е да се доделат со јавен оглас од страна на Општината. На јавниот оглас секој спортски клуб треба да аплицира со својата програма за работа за 2016 година.

3.2 Цели и очекувани ефекти

Клубовите и спортските здруженија кои егзистираат на територијата на Општината практично се спортско огледало на најстарата скопска општина. Кисела Вода е расадник на таленти и расадник на легендарни спортисти и теренери кои својот прв чекор во спортот и своите први успеси ги направиле токму во општината Кисела Вода.

Оттука, не само законска , туку и морална обврска е Општината да се грижи за спортот кој практично преставува најефтин и најголем амбасадот на општината Кисела Вода во својата држава и надвор од неа.

3.3 Финансиска конструкција

За реализација на проектот „Помагање на спортски клубови и здруженија” предвидени се 1.000.000 денари.

**4. Име на проектот:** „Помагање и спонзорство на спортски манифестации”

**Носител на проектот:** општина Кисела Вода

**Генерален покровител:** Билјана Беличанец Алексиќ, градоначалник на општина Кисела Вода и Советот на Општината.

4.1 Динамика и реализација на проектот

Во општината Кисела Вода егзистираат околу 80-тина спортски клубови, спортски друштва и спортски здруженија.Голем дел од нив, со голем успех, традиционално, одржуваат спортски манифестации. Целта на овој проект е обезбедување на средства за да може финансиски да им се помогне на организаторите. Средствата ќе се доделуваат по предходно издаден „Јавен оглас” и по предходно подготвени критериуми за добивање на истите средства.

4.2 Цели и очекувани ефекти

Целта на проектот е да се стимулираат спортските клубови, спортските здруженија и спортските друштва во делот на омасовувањето на спортот.На јавниот оглас може да учествуваат и здруженија кои не се регистрирани во општината Кисела Вода, но главен услов ќе биде манифестациите да се реализираат на територијата на општината Кисела Вода.

4.4 Финансиска конструкција

За реализација на проектот „Помагање и спонзорство на спортски манифестации” потребни се 1.000.000 денари.

**5. Име на проектот:** ;,Спорска академија на општина Кисела Вода”

**Носител на проектот:** општина Кисела Вода

**Генерален покровител:** Билјана Беличанец Алексиќ, градоначалник на општина Кисела Вода и Советот на Општината.

Динамика и реализација на проектот„Спортска академија на општина Кисела Вода" е проект наменет за одржување на промоции, спортски трибини, симпозиуми, реализација на афирмативни тренинзи предводени од актуелни и поранешни селектори и тренери. Заради усовршување на водење на спортски тренинг во повеќе спортови, но и на многу други значајни теми од спортот, предвидено е во проектот да продефилираат со свои предавања , стручни лица од ФФК, експерти од Агенцијата за млади и спорт, соодветни федерации, и клубови.

5.1 Цели и очекувани ефекти

Размената на искуство, збогатување на знаењето, усовршувањето, издаваштвото, изработка и реализација на сопствени проекти се само мал дел на целите и очекуваните ефекти на проектот, кој прктично значи и развивање и усовршување на спортот во Општината.
5.2Финансиска конструкција
Проектот „Спортска академија на општина Кисела Вода " ќе се реализира со спонзорство.

**6. Име на проектот:** ;„Доделување на парични награди на 100 талентирани ученици од ОУ на територија на општина Кисела Вода"

**Носител на проектот:** општина Кисела Вода

**Генерален покровител:** Билјана Беличанец Алексиќ, градоначалник на општина Кисела Вода и Советот на Општината.

Динамика и реализација на проектот

Општината Кисела Вода има голем напредок во рамките на училишниот спорт. Во осумте училишта кои гравитираат во Општината од година во година се афирмираат плејада на таленти во повеќе спортови. Нивниот талент го искажуваат во натпревари кои се во рамките на организација на училишниот спорт, или пак на клупско и репрезентативно ниво во домашни и меѓународни рамки. Изборот за најуспешните во училиштата го прават самите училишта преку училишните одбори и формирани посебни комисии. Истите ќе работат според критериуми дадени од Општината. Проектот треба да се реализира во текот на април-мај 2016 година.

6.1 Цели и очекувани ефекти

Општината Кисела Вода сака да ги стимулира талентираните спортисти за постигнување на успечни резултати. Општината сака да го афирмира спортот како и да ја поттикне мотивацијата на младите таленти во делот на понатамошниот спортски развој.

6.2 Финансиска конструкција

За овој проект предвидени се средства од 750.000 денари.

**7. Име на проектот:** ;, Тековно одржување на спортските сали Независна Македонија” и „Архиепископ Доситеј”

**Носител на проектот:** општина Кисела Вода

**Генерален покровител:** Билјана Беличанец Алексиќ, градоначалник на општина Кисела Вода и Советот на Општината.

7.1 Динамика и реализација на проектот

Двете спортски сали „Независна македонија” и „Архиепископ Доситеј” се од исклучително значење за афирмацијата на спортот во Општината. Истите треба да се одржуваат и да бидат во беспрекорна состојба за да можат спортистите непречено да ги спроведуваат своите програми. Тековното одржување во делот на хигиената и во делот на поправките на инвентарот во салите, треба да се спроведува во текот на целата година.

7.2 Финансиска конструкција

За оваа програма предвидени се 500.000 денари.

**8. Име на проектот:** ;,Спортуваме –другаруваме”

**Носител на проектот:** општина Кисела Вода

**Генерален покровител:** Билјана Беличанец Алексиќ, градоначалник на општина Кисела Вода и Советот на Општината.

8.1 Динамика и реализација на проектот

Проектот „Спортуваме –другаруваме” е наменет за децата со посебни потреби. Во Општината има две школи со посебни потреби: „Д-р Златен Стремец” и „Динмитар Влахов”. Оттука и потребата за спорт во овие две школи е голема ако се земе фактот дека е голема заинтересираноста на самите ученици за спортување и натпреварување во неколку спортови, кои ќе бидат по избор на стручни лица. Реализацијата на овој проект е предвидена за крајот на мај или почетокот на јуни 2016 година.

8.2 Цели и очекувани ефекти

Децата од учуилиштата ќе се натпреваруваат во повеќе спортови и игри, наменети на нивната возраст. Проектот ќе помогне во социјализација на децата, дружењето низ игра и забава, подобрување на психофизичкиот развој на децата но и за усовршување, развој, откривање и надградување на спортскиот талент кај децата.

8.3 Финансиска конструкција

За реализација на проектот „Спортуваме -другаруваме " предвидени се 50.000 денари.

**9. Име на проектот:** ;, Шаховска лига Кисела Вода"

**Носител на проектот:** општина Кисела Вода

**Генерален покровител:** Билјана Беличанец Алексиќ, градоначалник на општина Кисела Вода и Советот на Општината.

9.1 Динамика и реализација на проектот

Во рамките на рекреативниот и масовен спорт предвидено е да се формира шаховската лига „Кисела Вода". Во неа се предвидува учество да земат екипи составени од месните заедници, но со активно учество на пензионесрките клубови и граѓаните кои живеат во месните заедници. Идеата е да се развива масовниот и рекреативен спорт, низ забава и дружење буквално во сите месни заедници. Во екипна конкуренција ќе се игра по „бергеров систем", додека предвидени се натпревари и во поединечна конкуренција. а целокупната организација е на Општината и Месните заедници.

9.2 Финансиска конструкција

За реализација на проектот предвидени се 100.000 денари.

**10. Име на проектот:** „Кошаркарска лига „Стрит Бол"

Носител на проектот: општина Кисела Вода

Генерален покровител:Билјана Беличанец Алексиќ, градоначалник на општина Кисела Вода и Советот на Општината.

10.1 Динамика и реализација на проектот

Во рамките на рекреативниот и масовен спорт предвидено е да се формира баскет лига „Стрит Бол. Во неа се предвидува учество да земат екипи составени од месните заедници, училишта, фирми, граѓани и разни други институции кои гравитираат во Општината. Идеата е да се развива масовниот и рекреативен спорт, низ забава и дружење. Организацијата е на Општината и КФМ.

10.2 Финансиска конструкција

За реализација на проектот предвидени се 300.000 денари.

**11. Име на проектот:** ;, Фудбалска лига (мал фудбал) Кисела Вода”

**Носител на проектот:** општина Кисела Вода

**Генерален покровител:** Билјана Беличанец Алексиќ, градоначалник на општина Кисела Вода и Советот на Општината.

11.1 Динамика и реализација на проектот

Во рамките на рекреативниот и масовен спорт предвидено е да се формира лигата во мал Фудбал Во неа се предвидува учество да земат екипи составени од месните заедници, училишта, фирми, граѓани и разни други институции кои гравитираат во Општината. Идеата е да се развива масовниот и рекреативен спорт, низ забава и дружење. Организацијата е на Општината и ФФМ.

11.2 Финансиска конструкција

За реализација на проектот предвидени се 300.000 денари.

**12. Име на проектот:** ;, Промотивен материјал за развој на спортот”

**Носител на проектот:** општина Кисела Вода

**Генерален покровител:** Билјана Беличанец Алексиќ, градоначалник на општина Кисела Вода и Советот на Општината.

12.1 Динамика и реализација на проектот

За да добијат спортските проекти афирмативен карактер, потребно е секој проект да има свој промотивен материјал. На истиот ќе биде афирмирана пораката на проектот низ брошури, видео материјали, дипломи, соодветни награди, маици, дрсеови, плакати, флаери и друг промотивен материјал.

12.2 Финансиска конструкција

За реализација на проектот предвидени се спонзорство.

**13. Име на проектот:** ; Организирање на „Спорт за сите деца и граѓани”

**Носител на проектот:** општина Кисела Вода , спортски клубови, спортски федерации

**Генерален покровител:** Билјана Беличанец Алексиќ, градоначалник на општина Кисела Вода и Советот на Општината.

13.1 Динамика и реализација на проектот

Да се створат услови за масовност во спортот е еден од главните приоритети на општината Кисела Вода. Особено, тоа е потребно да се реализира во училиштата кои егзистираат на територијата на ОКВ. За да се добие, квалитетен тренажен и воспитен процес, потребно е да се активираат добро организираните спортски клубови во Македонија, кои, низ разни програми бараат таленти во своите спортски гранки. Општината Кисела Вода низ проектот „Спорт за сите деца и граѓани" ќе обезбеди спортски клубовите кои ќе селектираат таленти од основните училишта кои гравитираат во Општина Кисела Вода и на истите ќе им овозможи бесплатно да ги користат спортските сали кои се во сопственост на Општината.

Со овој проект, со повластени цени, секој родител ќе може да направи избор при запишувањето на своето дете во соодветен спортски клуб. Со овој проект низ разни проекти ќе бидат опфатени и граѓаните во неколку категории.

13.2 Финансиска конструкција

Реализацијата на проектот предвидено е да се реализира со спонзорство.

Програмата за спорт и рекреација на Општина Кисела Вода за 2016 година, влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода" а ќе се применува од 01-01-2016 година.

Број 09-8465/14
18 ноември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Програма (К4) за културни манифестации и творештво и Програма (КА) за културни манифестации и творештво (Капитални трошоци) за 2016

1.Се објавува Програмата (К4) за културни манифестации и творештво и Програмата (КА) за културни манифестации и творештво (Капитални трошоци) за 2016, донесена на седницата на Советот, одржана на 18 ноември 2015 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 08-9131/13
30.11.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 22, став 1 точка5 и член 62, точка 1и 2 од Законот за локална самоуп рава („Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 34 став 1, точка 41 од Статутот на општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр.13/06) , Советот на Општина Кисела вода на Триесет и четвртата пленарна седница одржана на 18 ноември 2015 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА (К4) КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА 2016 ГОДИНА**

1. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ

**ПАТРОНЕН ПРАЗНИК НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА – ЃУРЃОВДЕН 6-ти МАЈ**

Цели:

Зачувување на традицијата и запознавање на младата популација со обичаите и значењето на верскиот празник кој е воедно и Патронен празник на Општина Кисела Вода

Време на реализација:
6-ти мај

Потребни средства:

Цветно дефиле**:**
Авторски хонорари; ангажирање на актери; жонглери; пантомимичари; тапанарчиња; музичари; водител............................................................................................ 120.000,00
Сцена; бина; озвучување............................................................................ 40.000,00
Цветни венчиња, костими, балони, конфети............................................... 120.000,00
Печатени материјали: покани, плакати, дипломи, благодарници, флаери. 20.000,00
----------------------------------------
**300.000,00** денари

2. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ

**МУЛТИМЕДИЈАЛЕН ХЕПЕНИНГ НА ОТВОРЕН ПРОСТОР**

Цели:

Приближување на уметноста : ликовна, музичка, драмска, балетска и поетска кон пошироката популација . Во недостаток на адекватен простор од затворен тип во Општина Кисела Вода за реализација на проекти од културата, учениците и уметниците ќе креираат и ќе ја презентираат уметноста пред граѓаните во некој од убавите паркови во Општина Кисела Вода.

Време на реализација :

Пролет – лето 2016 година

Реализатор:

Општина Кисела Вода

Потребни средства:

| | |
|---|---|
| Боја поликолор, хамер, хартија , четки................................................ | 30.000,00 денари |
| Изнајмување на штафелаи .................................................................... | 2.000,00 денари |
| Озвучување, музика ............................................................................ | 10.000,00 денари |
| Пропаганден материјал........................................................................ | 3.000,00 денари |
| Дипломи благодарници......................................................................... | 2.000,00 денари |
| Автобуски превоз за ученици од ОУ- Еден автобус еден автоден...... | 13.000,00 |
| | ------------------------------------ |
| | **60.000,00** денари |

3. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ

**ПУШКИНОВИ ДЕНОВИ**

Цели:

Денови на рускиот јазик, литература и култура во Република Македонија.

Време на реализација:

06 – 10 јуни 2016

Реализатор:

Општина Кисела Вода

Потребни средства:

| | |
|---|---|
| Авторски хонорари............................................................................ | 60.000,00 ден. |
| Сценографија, озвучување, осветлување........................................... | 40.000,00 ден. |
| | ------------------------------------ |
| | **100.000,00** ден. |

4.ИМЕ НА ПРОЕКТОТ

**ДЕН НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА – 29 – ти јуни**

Цели:

**Одбележување на 61 – от роденден на Општина Кисела Вода**

Време на реализација:

Јуни 2016 година

Реализатор:

Општина Кисела Вода

Потребни средства:

Организирање на повеќе активности( настапи, турнири, дефилеа, трки, ревии, изложби и друго) во кои ќе бидат вклучени клубови и здруженија на граѓани по повод 61- от роденден на Општина Кисела Вода.

Свечена седница:

Културно забавна програма:
- Авторски хонорари........................................................................ 120.000,00 ден.
- Озвучување, осветлување, сценографија, ..................................... 100.000,00 ден.
- Коктел............................................................................................. 80.000,00 ден.

-----------------------------------

**300.000,00** денари

5. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ

**ЛИКОВНА КОЛОНИЈА – КИСЕЛА ВОДА 2016**

Цели:

Сликарската ликовна колонија во Општина Кисела Вода ќе ги опфати уметниците од нашето опкружување , кои живеат и творат или потекнуваат од општина Кисела Вода, како и гости уметници од други општини и други држави. Одржувањето на оваа ликовна колонија ќе ја доближи ликовната уметност до граѓаните со начинот на организација кој ќе биде

транспарентен и достапен за јавноста. Делата од ликовните уметници ќе бидат оставени на општината со што ќе се создаде убава и вредна колекција на уметнички слики.

Време на реализација:

Пролет – лето 2016 година

Реализатор:

Општина Кисела Вода

Потребни средства:

- Материјали за работа за 10 до 15 учесници : сликарски платна, сликарски маслени бои, сликарски четки, боров терпентин, ленено масло, разредувач, акрилни бои, палети, штафелаи, врамување и изработка на каталог и други материјални трошоци ,сместување, храна и превоз.

------------------------------------

**200.000,00** денари

6. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ

**КУЛТУРНО ЛЕТО ТРИ КРУШИ 2016 -**
**ПОКРОВИТЕЛ ГРАДОНАЧАЛНИК**

Цели:

Културна манифестација која трае подолг временски период во летниот период и која изобилува со разновидни културни содржини , наменети за различни целни групи кои истовремено ќе уживаат во природните убавини на Верско културно- релкреативниот центар Три Круши.

Време на реализација:

Од средината на јуни до средина на август 2016 година

Реализатор:

Општина Кисела Вода – Покровител Градоначалник

Потребни средства:

Авторски хонорари.......................................................................... 1.000.000,00 ден.
Рекламен материјал........................................................................ 50.000,00 ден.
Огномет, балони, флаери, знаменца, конфети.................................. 100.000,00 ден.
Сценографија.................................................................................. 50.000,00 ден.
Изнајмување на бина и озвучување.................................................... 800.000,00 ден.

------------------------------------
**2.000.000,00** денари

7. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ

**ДЕН НА МУЗИКАТА НА ШОПЕН ВО ПАРКОТ ШОПЕН**

Цели:

Чествување на музичкото творештво на великанот Фредерик Шопен и популаризирање на класичната музика и промовирање на општоцивилизациските вредности од културата и уметноста.

Време на реализација:

17.10.2016 година

Реализатор:

Општина Кисела Вода

Потребни средства:

Концерт на класична музика:
Авторски хонорари.......................................................................... 60.000,00ден.
Озвучување, осветлување, сценографија........................................... 40.000,00ден.
------------------------------------
**100.000,00** денари

8. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ

**АКТИВНОСТИ НА КУЛТУРНО УМЕТНИЧКИ ДРУШТВА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**

Цели**:**

Негување и афирмација на македонскиот фолклор и традиционална култура и поддршка на работата и континуитетот на културно уметнички друштва.

Време на реализација**:**

Во текот на 2016 година

Потребни средства **-------------------------------------------------------------------** **200.000,00** денари

9. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ

**КУЛТУРНИ НАСТАНИ КОИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ДОМ НА КУЛТУРА – КИНО КИСЕЛА ВОДА**

Цели**:**

- Театарски претстави, кино проекции, ликовни изложби, музички концерти, литературни рецитали, промоции и други активности и настани од културата и уметноста.

Време на реализација**:**

Во текот 2016 година

Потребни средства **-------------------------------------------------------------------** **500.000,00** денари

**ПРОГРАМА (КА)**
**КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО – КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ ЗА 2016 ГОДИНА**

**I. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА ПО ВИДОВИ РАСХОДИ СПОРЕД СЛЕДНИОТ ПРИКАЗ:**

**П Р О Г Р А М А**
**(КА)**
**Културни манифестации и творештво – капитални трошоци**

## 1. ВОВЕД

Со оваа програма се уредува:
- Извори на финансирање на програмата
- Пресметување на трошоците за реконструкција на Домови на култура
- Динамика на извршување на програмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

- Општината обезбедува капитални средства за реконструкција и уредување на Домовите на култура и поставување на спомен обележја од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

1. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ

**РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДОМОТ НА КУЛТУРА С. ДРАЧЕВО**

За реконструкција на Домот на култура во с. Драчево за 2016 година

------------------------------------

**20.000.000,00** денари

2.ИМЕ НА ПРОЕКТОТ

**РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДОМ НА КУЛТУРА – КИНО КИСЕЛА ВОДА**

За градежни работи и ентериер за Домот на култура – Кино Кисела Вода за 2016 година.

------------------------------------

**20.000.000,00** денари

3. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ

**ПОСТАВУВАЊЕ НА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА НА ПОЗНАТИ И ЗНАЧАЈНИ ЛИЧНОСТИ ОД ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**

Цели:

Поставување на спомен обележја во чест на познати личности од културата и уметноста на иницијатива на граѓаните од Општина Кисела Вода.

Никола Бадев – доајен на македонската народна музика, поранешен жител и заслужен граѓанин на Општина Кисела Вода.

Пеце Атанасовски **–** промотор и доајен на македонската народна музика и народни инструменти во земјава и странство, поранешен жител и заслужен граѓанин на Општина Кисела вода.

Спомен обележјата ќе бидат изработени од бронза на мермерен постамент во некој од парковите во Општина Кисела Вода.

Време на реализација:

Во тек на 2016 година

Реализатор:

Општина Кисела Вода

Потребни средства:

За двете спомен обележја ...................................................................... **2.000.000,00** денари

**ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА 2016**

1. Патронен празник на Општина Кисела Вода – Ѓурѓовден – 6-ти мај.. 300.000,00
2. Мултимедијаленхепенинг на отворен простор ................................... 60.000,00
3. Пушкиновиденови........................................................................... 100.000,00
4. Денна Општина Кисела Вода 29-ти јуни – 61-от роденден................ 300.000,00
5. ЛиковнаколонијаКисела Вода............................................................. 200.000,00
6. КултурнолетоТри Круши 2016............................................................ 2.000.000,00
7. Деннамузиката на Шопен во Парк „Шопен„...................................... 100.000,00
8. Активностина Културно уметнички друштва ....................................... 200.000,00
9. Културни настани кои ќе се реализираат во
   Дом на култура – Кино Кисела Вода.................................................... 500.000,00

-----------------------------------------

**3.760.000,00** денари

**ПРОГРАМА (КА) КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) ЗА 2016 ГОДИНА**

1.Реконструкција на Домот на култура с.Драчево.................. **20.000.000,00** денари
2.Реконструкција на Дом на култура – Кино Кисела Вода...... **20.000.000,00** денари
3.Поставување на спомен обележја на познати и значајни личности од Општина Кисела Вода.......................................................... **2.000.000,00** денари

-----------------------------------

**42.000.000,00** денари

ВКУПНО........................................................................... **45.760.000,00** денари

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА (К)

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општината Кисела Вода за 2016 година.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата за култура (К) ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за образование, предучилишно воспитување, култура и спорт.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донеувањето, ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода” а ќе се применува од 01.01.2016 година.

Број 09-8465/15
18 ноември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

## С О Д Р Ж И Н А:

1. Одлука за именување претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода;

2. Одлука за давање на користење, одржување и управување на објектот - дел од ООУ„Св.Климент Охридски" с.Драчево на Јавната детска градинка „8 Март" на Општина Кисела Вода во Град Скопје;

3. Одлука за проширување на програмите за вршење на дејноста на Јавната детска градинка „8 МАРТ" на општина Кисела Вода во град Скопје во објект дел од ООУ„Св.Климент Охридски" с.Драчево, во Општина Кисела Вода;

4. Заклучок за усвојување на Квартални извештаи К1,К2 и К3 за третиот квартал од 2015 година – К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2015 година до 30.09.2015 година; - К2-квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините;

5. Програма (Ј) комунални дејности на Општина Кисела Вода за 2016 година;

6. Програма Г1 - за локален економски развој со Подпрограма ГД – проекти за енергетска ефикасност на Општина Кисела Вода за 2016 година;

7. Програма за месна самоуправа (капитални расходи)-(ДАО)
Подпрограма за месна самоуправа – тековно оперативни расходи (Д1О) на Општина Кисела Вода за 2016 година;

8. Програма (Р) заштита на животната средина и природа на Општина Кисела Вода за 2016 година;

9. Програма од надлежност В – предучилишно воспитување за 2016 година

Програма В1 -Предучилишно воспитување;

10. Програма (Н1) и Програма (НА) капитални расходи основно образование за 2016 година;

11. Програма за активностите на Општина Кисела Вода од областа на социјалната заштита во 2016 година;

12. Програма за спорт и рекреација за 2016 година;

13. Програма (К4) за културни манифестации и творештво и Програма (КА) за културни манифестации и творештво (Капитални трошоци) за 2016;